магазин за
# ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ
ТУРИЗАМ • БИЗНИС • ОБРАЗОВАНИЕ • КУЛТУРА • ЖИВОТ • СВЕТ • ДИПЛОМАТИЈА

На 68 страници
Година 1 Број 6
Август 2022 г.
Цена 150 ден.

## ПРОФ. Д-Р ЈАНА ИЛИЕВА
Генерален секретар на УТМС

„*Пронајдете си го своето место меѓу најдобрите, на еден од шесте факултета на УТМС*"



**МЕГАИНТЕРВЈУ**

Илија ДИМОВСКИ
„Гласот на народот ќе има доволно сила во моментот кога ќе ги срушиме темелите на кои се потпира оваа власт, сето друго е само последица"

МОЈА ОПШТИНА
Максим ДИМИТРИЕВСКИ
„Проектите ги црпиме од граѓаните"

ТЕМА
Жешка есен - енергенсите допрва ќе растат

ISSN 2671-3934

www.magazinturizam.mk





## ИМПРЕСУМ

Издавач:
**Универзитет за туризам и менаџмент**

Одговорен уредник:
**М-р Билјана Трендафилова**

Лектор:
**М-р Милица Петрушевска**

Фотографија:
**М-р Горан Каровски**
**Дејан Огненовски**

Технички уредник:
**М-р Марина Стојмирова**

Печати:
**БАТО & ДИВАЈН Графички Центар**

Тираж:
**500 примероци**

Контакт:
**МАГАЗИН ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ**
**+ 389 2 3093 209**
**www.magazinturizam.mk**
**info@magazinturizam.mk**

# СОДРЖИНА




Одблиску со главниот уредник м-р Билјана ТРЕНДАФИЛОВА 3



МЕГАИНТЕРВЈУ: **Илија ДИМОВСКИ,** „Гласот на народот ќе има доволно сила во моментот кога ќе ги срушиме темелите на кои се потпира оваа власт“ 4



ОБРАЗОВАНИЕ: **Проф. д-р Јана ИЛИЕВА** „Пронајдете си го своето место меѓу најдобрите, на еден од шесте факултета на УТМС“ 12



КОЛУМНА: **Доц. д-р Вера БОШКОВСКА** „Франшизата како бизнис модел“ 18



ТЕМА: **Жешка есен - енергенсите допрва ќе растат** 20



МОЈА ОПШТИНА: **Максим ДИМИТРИЕВСКИ, градоначалник на Општина Куманово** „Проектите ги црпиме од граѓаните“ 26



РЕПОРТАЖА: **Дојран преполн летово** 32



ДУРБИН: **Кратки вести од светот** 40



АВИОБИЗНИС: **Кои се најскапо платени сектори во Македонија?** 46



ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД: **Интервју со поранешниот амбасадор Ивица БОЦЕВСКИ** 52



КОМПАРАЦИЈА: **Цените на храната дома и во светот** 60


УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ТУРИЗАМ
И МЕНАЏМЕНТ
СКОПЈЕ
Честит ИЛИНДЕН!



# Одблиску со главниот уредник

## М-Р БИЛЈАНА ТРЕНДАФИЛОВА



# ЖЕШКА ЕСЕН, ИЗГОР ЦЕНИ – РЕГИОНОТ СЕ МОБИЛИЗИРА, МАКЕДОНИЈА ТАКТИЗИРА!

*Жешка есен, тешка зима – вака се објаснува состојбата со која ќе се соочат граѓаните во периодот што следува. Во услови на двоцифрена инфлација, скап животен стандард и покачени цени на намирници, граѓаните стравуваат како ќе ја преживеат зимата.*

*Веќе нѐ демне и голема енергетска криза. Покрај тоа што веќе од августовските сметки ќе имаме во просек поскапа струја за 7,4%, се стравува дали ќе има доволно електрична енергија.*

*Алармот го кренаа земјите во регионот, кои за разлика од кај нас сериозно се подготвуваат за периодот што следува. Дел од земјите во регионот најавија ограничувања на струјата и подготвија план за вонредна заштеда на електрична енергија.*

*И додека останатите земји преземаат конкретни мерки и чекори, кај нас се најавува најтешката енергетска зима до сега. Засега се водиме по принципот дека ако сѐ се одвива според планот, нема да треба да се размислува за рестрикции, а најавена е кризна состојба во делот на електричната енергија од август.*

*Експертската јавност подолг период предупредуваа дека е потребно да се зголеми домашното производство и навремено да се склучуваат долгорочни договори, бидејќи се знае дека Македонија е земја што зависи од увоз од електрична енергија.*

*Дури и во летниот период, кога се намалени капацитетите на компаниите, имаме недостиг и увезуваме секој ден од 20% до 30% од дневната потрошувачка на струја, што преставува сериозна загриженост за зимскиот период.*

*Инфлацијата дефинитивно го „изеде“ растот на платите. Цената на струјата и на топлинската енергија енормно пораснаа, но платите и натаму тапкаат во место. Владата реагираше со помош кон енергетските компании, но сепак се чини дека тешко ќе го заузди забрзаното покачување на цените на нафтата, гасот и на храната.*

# МЕГАИНТЕРВЈУ
## ИЛИЈА ДИМОВСКИ
политичар




*Извор: aa.com.tr*

# ГЛАСОТ НА НАРОДОТ ЌЕ ИМА ДОВОЛНО СИЛА ВО МОМЕНТОТ КОГА ЌЕ ГИ СРУШИМЕ ТЕМЕЛИТЕ НА КОИ СЕ ПОТПИРА ОВАА ВЛАСТ, СЕТО ДРУГО Е САМО ПОСЛЕДИЦА

„Оваа власт не се потпира на легитимитет од граѓаните. Оваа власт се потпира на други постулати“, вели во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент Илија Димовски, политичар од редовите на ВМРО-ДПМНЕ. Изјавите за македонскиот јазик, според него, ја загрозуваат научната вистина и се на ниво на криминал.

Помина уште еден, според процената на експертската јавност, „непристоен предлог“, овој пат во полза на Бугарија. Иако, македонскиот премиер Димитар Ковачевски неодамна, токму од говорницата на самитот во Брисел, порача дека е предлогот неприфатлив за Македонија, многу брзо го промени ставот и ја убедуваше македонската јавност дека ќе ја однесе земјата на европски пат. Заклучоци во врска со предлогот набрзина беа изгласани и во македонскиот




*Извор: meta.mk*



**Парламент. Колку ги запази македонската Влада законските регулативи за да испрати „вештачки“ задоволителен одговор кон ЕК?**

Суштинскиот одговор на ова прашање е дали воопшто застапуваат и спроведуваат и Владата на Република Македонија и Собранието политики што имаат легитимитет и поддршка од мнозинството граѓани, бидејќи власта постои заради граѓаните, а не заради самата себе. Со оглед на очигледниот факт дека власта донесува одлуки спротивни на интересот и на убедувањата на граѓаните, логично е и да заклучиме дека иако таквите одлуки имаат привиден и формален легалитет, немаат легитимитет. Жално е да се гледа како власта се обидува да им удоволи на сите и на сечии интереси и желби, освен на оние на граѓаните. Тоа е неодговорно и создава длабоки поделби во општеството. Веќе е сосема јасно дека која било изјава на премиер, претседател на држава или друг претставник на власта нема никаква реална тежина бидејќи таквата изјава се менува за неколку дена во зависност од потребата и од очекувањата на другите фактори околу нас.

**Премиерот веднаш по гласањето во македонскиот Парламент, беше во Брисел, каде што од говорницата на Европскиот совет порача дека зборува на македонски јазик. Дали очекувате дека навистина јазикот ќе биде впишан како „македонски“ или ќе остане „јазикот што го зборуваат граѓаните на земјата“?**

За мене се проблематични двете еднострани изјави за јазикот, и онаа на Бугарија и онаа на Македонија, како и воопшто политичката потреба на Европската Унија да побара, да ги прими, да ги нотира и да ги внесе двете еднострани изјави за македонскиот јазик во записникот на Европскиот совет. Тоа прв пат се случува за чиј било јазик на која било држава. Базирајќи се на јасните прокламирани позиции на нашите соседи околу

ДИМОВСКИ: — „ —

***Повеќе се грижам за молкот на интелектуалната јавност и за клиентелизмот на политичката елита бидејќи кога се усвојуваше Преспанскиот договор, молкот беше громогласен, а многу наши паметни глави не успеаја да видат каде ќе не одведе содржината на тој договор. Овој проблем што денес го имаме со Бугарија е само природен тек на настаните. Да не се случеше Преспа, немаше ни ова со Бугарија да го гледаме денес, но штом се случија и двете работи, треба да бидеме свесни дека ќе има и иден развој на контекстот околу нас што ќе се движи по векторите исцртани во Преспа и во Договорот со Бугарија.***



самобитноста на македонскиот народ и континуитетот на македонскиот јазик, а кои се негативни, но и на непринципиелните компромиси што континуирано се промовираат од некои големи сили, воопшто не можам, а и не смееме да бидеме комотни околу признавањето и прифаќањето на македонскиот јазик во рамки на Европската Унија.

Од друга страна, двете изјави ги загрозуваат научната вистина и фактите утврдени децении и децении наназад за просторниот и за временски опфат на македонскиот јазик. За жал, изјавата за македонскиот јазик од страна на македонското МНР е на ниво на криминал и на ниво на геноцидна паранаука. Таквата изјава не смееше да се случи, ниту по својата содржина ниту по својата форма. Ако треба да одговорам кратко, да, вознемирен сум и за ова прашање не можам да верувам во тврдењата на власта.

**Дали претходно употребата на „Северомакедонци“ од страна на францускиот претседател Емануел Макрон, беше намерна или ненамерна грешка? Македонскиот министер за надворешни работи Османи уверуваше дека Макрон направил ненамерна грешка.**

Повеќе не е прашање дали биле намерна или ненамерна грешка, и онаа на претседателот Макрон, но и десетици други такви изјави, написи и оспорувања за нашиот народ, држава, јазик или некоја друга основна карактеристика, од страна на десетици други политичари, медиуми, институции низ Европа. Прашањето е дали нашите медиуми, народ и државни институции се спремни да се соочат со директните и со индиректните последици од потпишувањето на Преспанскиот договор така како што беше потпишан. Јас не сум изненаден, не очекувам претседателот на француската република да се грижи повеќе за македонскиот идентитет од претседателот на

Република Македонија. Повеќе се грижам за молкот на интелектуалната јавност и за клиентелизмот на политичката елита бидејќи кога се усвојуваше Преспанскиот договор, молкот беше громогласен, а многу наши паметни глави не успеаја да видат каде ќе не одведе содржината на тој договор. Овој проблем што денес го имаме со Бугарија е само природен тек на настаните. Да не се случеше Преспа, немаше ни ова со Бугарија да го гледаме денес, но штом се случија двете работи, треба да бидеме свесни дека ќе има и иден развој на контекстот околу нас што ќе се движи по линијата на векторите исцртани во Преспа и во договорот со Бугарија.

**Покрај македонскиот јазик, кои се другите штетни точки во францускиот предлог?**

Сериозно проблематично е внесувањето на билатералните прашања и на проблемите што ги има Македонија со соседна Бугарија, но уште попроблематично е што станува збор за проблеми што се ирационални, емотивни и историски, проблеми што навлегуваат длабоко во приватниот и интимен простор на секој човек индивидуално, односно во човековото право на самоспознавање. За да не биде сè толку едноставно, Македонија, пак, со потпишување на Протоколот со Бугарија, прифати сите тие набројани обврски кон Република Бугарија да бидат паралелниот процес на преговарање со Европската Унија. Какви и успеси да има нашата држава на патот кон ЕУ, ако не ги исполнува обврските од Протоколот со Бугарија, ќе добива вето, па така, ние како држава ќе мора да ја реформираме, на пример, државната управа, но ако не прифатиме дека Илинденското востание има и бугарски карактер, под овие услови, никогаш нема да станеме членка на Европската Унија. Сè на сè, катастрофални последици од неспособното водење на надворешната политика.

**Македонија и Бугарија објавија еднострани изјави на своите земји што беа приложени на Првата меѓувладина конференција со Европската Унија. Во македонската, меѓу другото, се тврди дека македонскиот јазик постои од 1945 година. Редица доктори на науки, магистри и професори, побараа од власта да ја повлече изјавата што е, како што велат, „погубна“ за Македонија и за нејзините идни генерации. Дали и колку носат штета двете изјави за македонскиот народ?**

Како што кажав, воопшто нејасна е потребата да има две изјави што ќе се внесат во записниците на Европската Унија. Зошто прима Европската Унија такви изјави ако е за нејзе затворено прашање и потврден факт постоењето на македонскиот јазик? Од друга страна, исто толку проблематична е и содржината на двете изјави. За жал, наместо македонската изјава да ги позиционира научните сознанија за македонскиот јазик и неговиот просторен и временски континуитет, таа политички стана комплементарна на бугарската изјава. Македонскиот јазик е постар од македонската држава и тој се зборува на поширок простор од државата Република Македонија. Тоа, за жал, никаде не го пишува во нашата изјава, напротив нашата изјава кокетира со бугарската позиција за македонскиот јазик.

**Незадоволството од страна на граѓаните беше демонстрирано на слободни протести на улиците. Но, и покрај гласното „НЕ“, сепак владината коалиција не ги послуша граѓаните. Дали нема гласот на народот доволно сила или власта си донесе одлука насила?**

Оваа власт не се потпира на легитимитет од граѓаните. Оваа власт се потпира на други постулати. За оваа власт е побитна трговијата со ДУИ, побитен е државниот апарат во судството и во обвинителството, побитни се полицијата, бизнисите со подземјето, наметнувањето страв кај граѓаните, побитна е трговијата со пратеници. Тоа се темелите на одржување на оваа власт. Тие луѓе така ја разбираат политиката, за нив граѓанското „НЕ“ воопшто не е значајно. Колку побрзо ќе се соочиме со тој факт и со неговата суровост,

толку подобро ќе биде за граѓаните. Гласот на народот ќе има доволно сила во моментот кога ќе ги срушиме темелите на кои се потпира оваа власт, сето друго е само последица.

**Дали може да се поправи штетата која ѝ е нанесена на Македонија?**

Суверено право на државите од една страна, но и меѓународно утврдено право од друга, е борбата за зачувување на основните човекови права во делот на самоопределувањето, самоспознанието и правото на национална, културна, јазична и историска самоидентификација. Ние живееме во време во кое сето тоа ни се спори, но ни се спори врз база на агресивна политика на соседите, изгубени вредности во меѓународните односи како последица на конфликтите низ Европа, но и како последица на нарушениот легитимитет на домашната владејачка елита. Сите тие работи се циклични и променливи. Ќе ја изгубиме оваа војна и ќе можеме да кажеме дека штетите се непоправливи само и само ако се откажеме. Не велам дека ќе биде лесно, не велам и дека ќе биде брзо бидејќи штетите се огромни, но со упорна, мудра и паметна работа, возможно е да се реституираат човековите права и државноста на Република Македонија.

**Сумирано, што добивме во изминатата година од преговорите за влезе во Унијата?**

Ништо не сме добиле освен некаква посветеност и насоченост кон таа цел. Македонија во минатата година не беше држава со подобар здравствен систем, напротив. Македонија не беше држава во која има подобар образовен систем, напротив. Македонија во таа мината година немаше подобра полиција, судство и државна управа. Македонија немаше подобра инфраструктура, немаше повеќе странски инвестиции ниту подобар стандард за граѓаните.

Ние мораме да се разбудиме од сонот и од занесеноста дека некој друг ќе дојде и дека во наш интерес и за наши потреби ќе ни создаде или ќе ни направи подобра, поефикасна,



**Илија Димовски,** политичар од редовите на ВМРО-ДПМНЕ
*Извор: opserver.mk*

поуспешна држава. Такво нешто ниту имало ниту ќе има во историјата на човештвото. Или сами ќе си направиме подобри услови или секогаш ќе бидеме предмет во односите помеѓу другите држави.

Во ЕУ треба да влеземе, но не треба да очекуваме дека ЕУ ќе ни ги поправи катастрофите во нашето општество, систем и држава.

**Што очекувате на политички план од септември? Колку се извесни предвремени парламентарни избори во следниот период?**

Да бевме држава во која власта, за да биде власт, ќе мора да има потпора и легитимитет кај граѓаните, веќе до сега ќе имавме предвремени избори. Кај нас, власта ја црпи моќта од други прашања и односи, кои не се ниту демократски ниту принципиелни. Затоа опозицијата ќе мора да пронајде начин и одговор за таквите предизвици. Власта сама нема да си оди. Таа мора да биде срушена и сменета. За тоа има поддршка од граѓаните, и верувам дека ќе се случи многу скоро. Но, да предупредам врз база на искуство од претходната промена на власта во Македонија, колку повеќе се одложува јасниот факт за потреба од смена на власта, толку таа смена подоцна е потешка и остава подлабоки последици.



**Голем дел од граѓаните се сомневаат во одлуката на опозицијата и на други поединци од помалите партии да не гласаат воопшто наместо да гласаат против францускиот предлог во македонскиот Парламент. Дали може да ни објасните што постигна опозицијата со изјавите заверени на нотар со кои нејзините парламентарци се обврзаа да не гласаат?**

Во суштина, опозицијата не даде легитимитет на тоа гласање од две причини. Првата причина е тоа што таквата одлука е штетна и катастрофална за македонскиот народ. Втората причина е тоа што таквата одлука не е во надлежност на Собранието на Република Македонија, а неговото инволвирање беше само прокламација на слабост и на недостиг од самодоверба во одлуката што ја донесе Владата подоцна. Јас верувам дека пратениците во Собранието нема да донесат измени на Уставот на Република Македонија под овие услови и уцени и дека целиот пакет на билатерални проблеми со Бугарија има начин и можност да не биде дел од нашата европска интегративна патека.

**Колку често остварувате средби со странски претставници и дали може да дадете процена колку има Македонија вистинска поддршка од другите земји во светот?**




Сè уште и на оваа тема нашата политичка елита и дел од општеството живеат во некаква фикција и фантазија. Да разјасниме, странските претставници имаат свои држави чии интереси ги застапуваат и работат за нив. Секој минимален интерес на нивната држава има поголем приоритет од било кој грамаден интерес на нашата држава. Да, постојат партнерства, соработка и разбирање, но на крај на денот, секој се грижи прво за својата држава и за својата фамилија, па потоа за сите други, но по редослед повторно утврден врз база на своите интереси. Нам никој нема да ни го заштити јазикот ако го касапиме ние самите со онаква изјава, нам никој нема да ни го заштити идентитетот ако сме прифатиле самите „севернизација“, нам никој нема да ни




**Илија Димовски,** политичар од редовите на ВМРО-ДПМНЕ
*Извор: a1on.mk*



ја заштити историјата ако дава нашиот Претседател незрели изјави за нашите национални херои. Политиката е сурова, а меѓународната политика уште повеќе. Она што нам ни фали во нашиот државен врв е многу патриотизам и уште повеќе знаење, кои очигледно ги нема.

**Дали македонскиот народ е всушност навистина европски? Дали се вклопуваме во целата слика на Европската Унија?**

Македонија е дел од Европа. Македонскиот народ е европски народ. Околу тоа не смее да има ниту дилеми ниту спор. Но друго е прашањето дали ги задржала сè уште Европската Унија вистинските европски вредности повлекувајќи се пред националистичките налети на некои свои држави-членки. Европа не е монолитен конгломерат, Европа е богатство од различности и само така може да опстане. Секој друг политички, културен или јазичен поход што нема да се базира на почитување на различностите и на почитување на основните човекови права, за Европа ќе е лош. Толерирањето што го покажа Европа кон националистичките и големодржавни апетити за нас е разочарувачки, но тоа нема да нè измести од патеката за остварување на нашите интереси. Нашата цел е силна и успешна македонска држава со свои права и одговорности. Ако бидеме таква држава, ќе станеме дел од Европа, во спротивно, како денес, ќе бидеме само објект за поткусурување на туѓите интереси на Балканот.

# СРЕДНОШКОЛЦИТЕ ДА ГО НАПРАВАТ СВОЈОТ ИЗБОР И ДА СИ ГО ПРОНАЈДАТ СВОЕТО МЕСТО МЕЃУ НАЈДОБРИТЕ НА ЕДЕН ОД ШЕСТЕ ФАКУЛТЕТА НА УТМС

ИТ-секторот доживеа вистински бум во последната деценија, а студиите по информатички науки се најатрактивни помеѓу матурантите што се на прагот да ја изберат својата идна професија. Факултетот за информатика при Универзитетот за туризам и менаџмент буди најголем интерес за упис кај идните студенти, вели проф. д-р Јана Илиева, генерален секретар и профрсорка на УТМС. Според неа, сите струки што се изучуваат на овој Универзитет се дизајнирани да бидат привлечни за студентите, да им обезбедат професии што се перспективни на пазарот на трудот и кои може да им донесат лесно и брзо вработување, можности за професионален развој и градење кариера во животот, но сепак – најголем интерес кај младите има за студиите по информатика.



**Проф. д-р Јана Илиева,**
генерален секретар и професорка на УТМС



**„Оваа струка доживеа бум во последните неколку децении, следејќи го рапидниот раст и пробивот на информатичката технологија во речиси секоја пора од нашиот живот. Замислете, нашите дедовци и баби живееле во време во кое се појавија првите телевизори, радија и аналогни телефони, оние со апарат и слушалка прикачена на него со еден извиткан кабел. Денеска децата растат со паметни уреди околу себе – таблети, паметни телефони, LCD-телевизори. Растат во еден глобален комуникациски простор пристапен за речиси секого преку интернетот. Тешко е да се замисли денешниот живот без ИТ-технологијата. Токму овој брз раст и пробив на информатиката ја создаде и огромната потреба од соодветен кадар на пазарот на трудот. Денеска, ИТ-инженерите се барани, добро платени, работат во домашни и во странски компании што им нудат различни дополнителни погодности, од кои можеби најинтересни се можноста за работа на далечина и флексибилното работно време“,** вели професорката Илиева.

Универзитетот за туризам и менаџмент ги отвори вратите за упис на нови академски граѓани. Конкурсот стартуваше кон крајот на април, а конечната листа на запишаните студенти ќе биде објавена кон крајот на септември.

**„Во кој било работен ден додека трае Конкурсот, идните бруцоши може да нè посетат, да нè запознаат и да дознаат нешто повеќе за студиските програми што ги нудат нашите факултети, како и за начинот на студирање кај нас. Може и да ги разгледаат просториите во кои ќе го поминуваат најголемиот дел од своето време во неколкуте следни години, како и целосно да ги почувствуваат духот и енергијата на Универзитетот. Нашиот тим веќе ги посети општинските средни училишта во речиси сите поголеми градови во Македонија, се сретна со матурантите и преку разговор и дружба со нив, се обиде да им ги доближи студиските програми и студентскиот живот**

*Нашите студиски програми се практични, нудат не само теориско знаење, туку и можности тоа знаење да се претвори во конкретно работно искуство преку практична работа во државата, но и во странство. Целта на професорскиот кадар на Универзитетот е да го мотивираат и да го поддржат процесот на активно учење на студентите, во кој самите студенти се поттикнуваат да преземаат одговорност за крајните резултати што ќе ги постигнат во процесот. Со други зборови, ги охрабруваме овие млади луѓе да бидат љубопитни, самоинцијативни, претприемачи по дух, да станат едни од оние што ќе ги засукаат ракави и ќе работат вредно за да го реализираат својот животен сон, придонесувајќи притоа и кон општото добро на пошироката заедница и на општеството во целост.*

**на нашите факултети идните бруцоши. Со оглед на тоа дека при овие посети доделивме и голем број стипендии до кои ќе може да се дојде преку општините, топло им препорачувам на средношколците што размислуваат за упис кај нас да побрзаат, да го направат својот избор и да си го пронајдат своето место меѓу најдобрите, на еден од нашите шест факултета“,** вели професорката Јана Илиева.

За да се стане академски граѓанин, потребна е волја за учење и посветеност за да се надминат сите предизвици. Учењето подразбира присутност на часовите, читање, креативност и критичко проценување на информациите и состојбите, практична работа, испити. Но, истовремено, студирањето е извор на многу среќни моменти од дружењата со колегите и со професорите, но пред сè од задоволството што го носи секој надминат предизвик и секој постигнат успех во животот.

Според позитивните законски прописи што важат во државата, право на упис во високообразовна институција имаат лица што завршиле најмалку средно образование.

**„Тие, се рангираат според општиот успех постигнат по сите предмети во текот на средното образование, како и според бодовите од матурата или од завршниот испит. Ако завршил студентот средно образование пред воведувањето на матурата, се рангира исклучиво според општиот среден успех што го постигнал во текот на образованието. Освен завршеното средно образование и успехот, завршеното средно образование на кандитатот треба да биде соодветно или сродно на областа на студиската програма на која се пријавува. Кои училишта се соодветни за една студиска програма е наведено во самата**

**програма“**, вели професорката Илиева и додава дека УТМС е уникатен и се издвојува по тоа што нивните студиски програми се главно посветени на туризмот и на менаџментот – две области што се меѓу најбрзорастечките индустрии на светско ниво и во кои се предвидуваат најголем број новоотворени работни места во иднина.

**„Нашите студиски програми се практични, нудат не само теориско знаење, туку и можности тоа знаење да се преточи во конкретно работно искуство преку практична работа во државата, но и во странство. Целта на професорскиот кадар на универзитетот е да мотивираат и да го поддржат процесот на активно учење на студентите, во кој самите студенти се поттикнуваат да преземаат одговорност за крајните резултати од учењето што ќе ги постигнат во процесот. Со други зборови, ги охрабруваме овие млади луѓе да бидат љубопитни, самоинцијативни, претприемачи по дух, да станат едни од оние што ќе ги засукаат ракави и ќе работат вредно за да го реализираат својот животен сон, придонесувајќи притоа и кон општото добро на пошироката заедница и на општеството во целост. Имаме развиено напреден дигитален систем на оценување што ја минимизира субјективноста на професорот, практична работа што е целосно интегрирана во наставата и професори што се пред сè ментори достапни за консултации во секое време. Светогледот на студентите го прошируваме со многубројните истакнати визитинг предавачи и професори од Македонија, но и од светот, на теми што се актуелни и релевантни за нашите студиски програми“,** вели професорката Јана Илиева и додава дека дипломите на УТМС се меѓународно признаени, а студиските програми имаат диплома за кавлитет во високото обрзаование од Светската туристичка организација, специјална агенција на Обединетите нации посветена на туризмот. Универзитетот за туризам и менаџмент е 76-тиот универзитет во светот што добил ваква диплома, а единствен во Македонија, што самото по себе зборува за квалитетот на образованието што го нуди.

Овој Универзитет посебен фокус става на практичната настава, а студентите на УТМС, по завршувањето на факултетот многу често се вработуваат во компаниите во кои ја изведувале практичната настава додека студирале.

Според професорката Илиева, секој работодавец сака да вработи кадар на кој ќе може да се потпре.

**„Практичната работа нуди можност и за работодавците и за студентите да се запознаат едни со други, да проценат заемно дали одговара работното место на потенцијалите на студентот и на неговите амбиции, дали ќе се вклопи идниот вработен во организациската култура на компанијата и слично. Процесот нуди можност и студентот да се приспособи на определено работно место, но и компанијата да го обликува работното место според потенцијалите на идниот вработен. При тоа, студентот развива и практични технички вештини што се неопходни да ја заврши работата, но и таканаречени меки вештини за да функционира продуктивно во еден поширок тим како што е една компанија. Денеска е многу важно, освен да сте компетентни да си ја вршите работата, и да знаете да комуницирате со своите колеги на продуктивен начин, да знаете да се справите со конфликти на работното место, да развиете определена флексибилност кон работните задачи, да сакате да преземете поголеми одговорности и сл. Сето ова многу тешко се учи во училница, а многу полесно преку една практична работа. Работодавецот што вложил во студентот додека изведувал практична настава, секако дека ќе сака да го вработи по студиите ако овие вложувања вродиле со плод“,** вели таа.

Студиските програми и методологијата на работа на високообразовните институции

мора да ги мотивираат и активно да ги инволвираат студентите во образовниот процес. Студиите не треба да се формален процес, туку процес и на растење и созревање на студентите и како личности и како професионалци. Токму овие стандарди се длабоко интегрирани во работата на Универзитетот за туризам и менаџмент. Според професорката Илиева, за поквалитетно високо образование во земјава важни се неколку работи:

**„Прво, неопходно е да се подобрат темелите врз кои се потпира високото образование, а тоа се основното и средното образование. Ниту една високообразовна институција нема да може да стори многу ако студентите што доаѓаат немаат солидни основи и развиени работни навики стекнати во претходните степени на образование. Второ, високото образование не може и не треба да биде цел само по себе, туку мора да биде приспособено на развојните потреби на едно општество. Оттаму, студиските програми мора да бидат приспособени на потребите на пазарот на трудот и да ,произведуваат кадри' што лесно и брзо можат да се вклопат во деловните процеси на компаниите“,** заклучува професорката Јана Илиева.



## ГОДИНАВА НАД 10.000 СТУДЕНТИ ЌЕ МОЖЕ ДА СЕ ЗАПИШАТ НА УКИМ

На Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“, годинава за упис на студенти во прв циклус на студии, отворени се вкупно 10.918 слободни места. Близу половина, или 5.306 се за редовни студенти кои се финансираат од државниот буџет и плаќаат 200 евра партиципација, 4.522 се за редовни студенти со школарина од 400 евра, а 1.090 места се за упис на вонредни студенти.

Исто како и минатата година, најмногу студенти годинава ќе прими Природно-математичкиот факултет - 1.275, по што следува Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ со 1.125, па Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство со 1.080, Правниот факултет со 1.055 итн.

Првиот рок за пријавување на кандидати што се рангираат само според успехот од средното образование е на 30 и 31 август, вториот на 15 и 16 септември, а третиот на 28 септември. По објавувањата на прелиминарните и конечните листи, запишувањата на кандидатите ќе бидат на 12 и 13 септември, на 26 септември и на 30 септември, соодветно според рокот на пријавување.

Првиот рок за пријавување на кандидатите кои се рангираат според успехот од средното образование и според проверката на знаењата и умеењата е на 25 и 26 август, додека проверката на знаењата е на 30 август. Вториот рок за овие кандидати е на 14 и 15 септември, а проверката на знаењата на 16 септември. Третиот рок е на 28 септември. По објавувањето на прелиминарните и конечните листи, запишувањата на кандидатите ќе бидат на 12 и 13 септември, на 26 септември и на 30 септември, соодветно според рокот на пријавување.

На Државниот универзитет во Тетово пријавувањето на кандидатите во првиот уписен рок почна кон крајот на јуни, а ќе трае до 3 септември. На ДУТ има место за 3.778 студенти.

Искуството од претходните години покажало дека најголем интерес за студии помеѓу матурантите има за Факултетот за информатички науки, потоа следат традиционалните струки како право, економија итн.


UTMS JOURNAL OF ECONOMICS
Volume 12 Number 2 Print ISSN: 1857-6974
December 2021 Electronic ISSN: 1857-6982
www.utmsjoe.mk
Contents
University of Tourism and Management in Skopje
www.utms.edu.mk

Пишува: **Доц. д-р Вера Бошковска,**
професорка на Факултетот за меѓународен маркетнг менаџмент на УТМС



# ФРАНШИЗАТА КАКО БИЗНИС МОДЕЛ

**Еден од докажаните бизнис-модели во светски рамки во економијата е франшизата. Најголемата придобивка од овој концепт е намалување на можностите за неуспех во самиот бизнис и овозможување атрактивност и понатамошна перспектива и развој.**

Кога еден локален бизнис ќе направи успех во своето работење на одредена територија, има можност да го прошири работењето со пресликување на својата успешна работа на други локации и територии. Всушност франшизата е начин на ширење на сопствениот бизнис без капитал. Во светски рамки, најголем сектор каде што функционираат франшизите е угостителството. Првите десет најголеми франшизи според светските рангирања се во угостителството, и тоа во секторот брза храна.

Франшизата работи на принципот на реплицирање испробаните и проверени бизнис-формати во нови пазарни области, каде што стандардизацијата во работењето е од круцијално значење. Меѓутоа, во овој процес на проширување на пазарот, носителите на франшизен бизнис, „франшизерите“, треба да ги балансираат двата стратешки императиви на единството и на стандардизација од една страна, и на адаптација на локалните варијации во услови на економска средина од друга.

Стабилната слика на концептот на франшиза е од суштинско значење за нејзиниот интегритет



**Доц. д-р Вера Бошковска,**
професорка на Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент на УТМС



и масовна промоција. Сепак, како иновативен момент кај франшизата се смета приспособувањето кон одредени компоненти на одреден пазар.

Франшизите што функционираат во Македонија, успешно се адаптираат на нашиот пазар. Може да се наведат некои специфичности за нив. Околу 65% од франшизите имаат по една франшизна единица т.е имаат едно продажно место или работат во корнер-франшиза. Тоа практично значи дека делат една продажна просторија со други франшизи. Само  девет отсто од франшизите имаа повеќе од две франшизни единици. Едно од последните истражувања на македонскиот пазар, покажа дека во Македонија од вкупно 70 франшизи опфатени во истражувањето, имаат вкупно  130 франшизни единици, или во просек околу 1.6 единици по франшизен систем. Како за споредба, ќе ги земеме податоците од франшизното работење во Обединетото Кралство Британија, со 935 франшизни системи со вкупно 48.600 франшизи и преку 710.000 вработени (извор: thebfa.org).

Ако покажуваат светските рангирања дека франшизите во секторот брза храна се водечки по бројност, во Македонија најзастапени се франшизите во секторот мода, продажба на текстил и обувки.

Специфична е и состојбата на локални македонски франшизни системи. Сè уште сме во развој и на почеток на креирање на овој бизнис-сегмент. За разлика од земјите во светот, вклучувајќи ги и нашите соседи на Балканот што имаат голем развој на ова поле, ние сè уште ги правиме првите чекори и сме во фаза на креирање на првите домашни франшизни системи. Ова се должи на недоволната информираност за овој концепт на работа и на непознавање на бенефитите и на можностите за успешен бизнис. Во Македонија веќе има искусен кадар што работи на формирање или на имплементација на франшизни системи, како од областа на правниот сегмент така и од комерцијален аспект.

Со поголема промоција и едукација за франшизата како успешен модел за бизнис, секако ќе се зголеми популарноста и атрактивноста за иницијативите за сопствен бизнис или за развој на постоен бизнис, независно дали ќе биде на локална територија само во Македонија или ќе има експанзија и на интернационално ниво.

# ТЕМА



# СЀ ПОСКАПУВА – ЦЕНОВНИОТ УДАР ЌЕ СЕ ЗАСИЛИ НА ЕСЕН

**Повеќе пари за струја, парно, вода, дрва, пелети, храна, горива. На поскапувањата им нема крај. Граѓаните мака мачат како да го поминат месецот. И додека големите светски играчи си прават калкулации, на населението никако да му излезат точни пресметките како да најде пари за сѐ, а да не заглави во „дебел“ минус. Веќе се стеснува и просторот за позајмување пари. Тие се сѐ поскапи. Месечните рати на кредитите се сѐ поголеми, а извесно е дека повторно ќе има нагорна корекција. Како да ги „преживеат“ што е можно побезболно поскапувањата граѓаните и фирмите?**

Додека јавноста очекуваше поскапување на одредени енергенси, како гром од ведро небо дојде веста дека јавните претпријатија планираат да ја поскапат водата за пиење и ѓубретарината. Како причина ги посочија превисоките сметки за струја. Велат дека не можат во никој случај да штедат струја бидејќи таа им е неопходна за работа на пумпите, па




затоа побараа помош од Владата. Алармираат дека состојбата е до тој степен сериозна што скопски Водовод, на пример, наместо 100.000 евра месечно, сега треба да плати пет пати повеќе, само за струја. Ако не помогнела Владата, овој товар веќе на есен може да падне на грбот на граѓаните, кои ќе треба да добијат повисоки сметки.

**„Цената на струјата е петкратно зголемена, на горивата двојно. Бараме Владата да ја покрие разликата за да се избегне банкрот или прекинување на услугите. Треба да се има предвид дека станува збор за суштествени прашања како што се вода за пиење и собирање ѓубре. Не сакаме да се доведеме во ситуација на уште еден ценовен удар, што ќе значи повисоки сметки за граѓаните, а на што ќе бидеме принудени ако нема слух Владата“**, рече Пеце Милевски, претседател на Здружението на даватели на комунални услуги (АДКОМ).

Директорот на скопски „Водовод и канализација“, Златко Перински, пак, вели дека од септември месечната сметка ќе биде пола милион евра, пет пати повисока, што ќе го оптовари нормалното функционирање на претпријатието.

**„Најлошото што може да се случи е покачувањето на електричната енергија да падне на грбот на граѓаните. Нашите проекции се дека од септември ќе плаќаме месечно сметка за струја повеќе од половина милион евра, тоа зголемување е петкратно, во најдобар случај. А очекувањата се дека зголемувањата ќе бидат и поголеми“**, вели Перински.

Милевски нагласи дека бараат Владата да им излезе пресрет и да обезбеди финансиска помош преку блок дотации за покривање на дел од загубите, односно да ја покрие разликата меѓу планираните и фактички настанатите трошоци за електрична енергија. Досега немале директна средба со Владата, но веќе имале поднесено барања до Владата и до ЗЕЛС, чекаат да остварат средби на кои ќе разговараат за проблемите со кои се соочуваат. Најави дека ќе се трудат колку што можат да не дојде до зголемување на цените за нивните услуги и посочи дека очекуваат поддршка од централната власт за да не дојде до тоа.

И од ЗЕЛС потврдија дека власта ги оставила самите да ја изменаџираат енергетската криза. Сметките за струја на општините биле шесткратно зголемени бидејќи уште на почетокот на енергетската криза добавувачите на струја еднострано им ги раскинале договорите поради енормниот раст на цената на светкиот пазар. Сега, велат дека се принудени наместо за други намени, парите од општинските буџети да ги трошат за да ја платат прескапата струја.

**„Наспроти тоа, во континуитет следеа јавни обвинувања кон општините, па дури и**

**Регулаторната комисија за енергетика се дрзна и ги обвини општините дека се директни виновници за покачувањето на електричната енергија за домаќинствата, што апсолутно беше целосна дезинформација“**, реагираат од ЗЕЛС.

Од Владата, студен туш. Вицепремиерот Фатмир Битиќи им порача дека тоа е надлежност на локалната власт, па да си побараат помош од надлежните градоначалници. Општините, според него, требало навреме да мислат и да направат ребаланс на буџетот, но тоа го сториле само 10-тина.

**„Не можеме да дозволиме во момент кога ќе биде тешко, тогаш да заборавиме на фискална децентрализација и на децентрализираните надлежности и тогаш да бараме од централната власт таа да реагира. А, при тоа локалната власт, чија примарна надлежност е обезбедувањето комунални услуги, да каже дека не е надлежна“**, рече Битиќи.

## ВИСТИНСКИ ПРЕДИЗВИК ЌЕ БИДЕ ЗАГРЕВАЊЕТО НА ДОМОВИТЕ, СИТЕ АЛТЕРНАТИВИ СЕ ПРЕСКАПИ



Граѓаните полека почнуваат да се подготвуваат за претстојната зима. Но тоа станува сè потешко. Се чини загревањето на домовите ќе биде вистински предизвик следната грејна сезона. Посовесните домаќинства што секоја година купуваа дрва во текот на летото, годинава не можат да го сторат тоа. Дрвата се прескапи, а и цените на пелетите се неколкукратно повисоки. Ако лани вреќа од 15 килограми чинеше 196 денари, сега за истата ќе треба да платат од 350 до 370 денари. Единствена поевтина солуција за снабдување се дрвата од „Национални шуми“, но процесот оди бавно, а и не се знае дали ќе има дрва за огрев за сите што побарале.



**Граѓаните гневни: „Цел живот штедиме, не остана од каде да се скрати“.**

Огревното дрво кај приватните трговци веќе се продава по 4.000 денари за кубик, па за да се затопли едно семејство потребни ќе му бидат минимум 24.000 денари. Уште едно поскапување се очекува пред стартот на грејната сезона. Граѓаните се во недоумица, бараат начин како поевтино да се стоплат на минусните температури. Дрвата, и покрај астрономските цени, и понатаму им остануваат како најевтина варијанта.

**„Веќе порачав. По 4.000 денари, така ми рекоа. Лани кубикот беше 3.200. Не можеме ние без дрва. Мора да се грееме. Ако пак се грееме на струја, ќе биде не 4.000, ќе испадне 100-150 евра да платиш“**, коментираат граѓаните.

Освен што се цените кренати нагоре, голем број од трговците ги кријат во магацините и прават залихи велејќи дека нема за продажба или дека може да се купат само ограничени количини. Листите за чекање се огромни. Трговците се правдаат дека и нивните трошоци биле енормно зголемени. Граѓаните негодуваат, бидејќи сметаат дека не е во ред да се чека за да му се продаде поскапо на осиромашениот народ.

Вицепремиерот Битиќи вели дека трговците вештачки прават зголемување на цената на дрвата и пелетите, исто како што тоа го прават и трговците со основни прехранбени продукти. Во услови кога нема Закон за спречување на воено профитерство, вели единствен начин е да им се пуштат инспекции што ќе го казнуваат несовесното работење.

**„Ќе дадеме задолжение на Инспекторатот да излезе на терен за да потврди дека ваквите укажувања се вистинити. Укажувањето е дека трговците не дека немаат количини на пелети и дрва, но вештачки како што беше и со прехранбените продукти, прават зголемување на цените. Да имавме закон за воено профитерство, денеска лесно ќе реагиравме. Во подготовка е Законот за фер односи во стопанството, каде што и ова прашање ќе се регулира. Но, додека тоа не се направи, ќе интервенираме соодветно, како што направивме со прехранбените производи“**, рече Битиќи.

На 20 јули, Владата донесе и привремена мерка до крајот на годината да се забрани извозот на дрва и пелети за огрев, како би се регулирал пазарот и домашното производство. Вакви мерки имаат донесено и Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина.



**Цените на огревното дрво и пелетите достигнаа екстремни нивоа**
*Извор: ЈП Национални шуми*



## ОГРАНИЧЕН ИЗВОЗ НА ОДРЕДЕНИ ПРОИЗВОДИ, НО И ОЛЕСНЕТ УВОЗ НА СОНЧОГЛЕДОВО МАСЛО

По бројните поскапувања што доведоа до скок на инфлацијата на неверојатни 14,5%, Министерството за економија конечно реагираше и го ограничи извозот на одредени производи за да го стабилизира пазарот. Освен забраната за извоз на дрва и пелети, забрана ќе има и за извоз на пченицата и на брашното од пченица. Се укинува и царината за увоз на масло за јадење од сончоглед. Ваква мерка се носи за да се одржува снабдувањето на домашниот пазар, а да се спречи растот на цените на овој производ. И оваа мерка ќе важи до крајот на годината. Иста ваква мерка се применуваше до крајот на мај.

**„Редовната царинска стапка на маслото од сончоглед за јадење е максимум 29%, така што со оваа мерка се дава можност на увоз од други земји за кои нема преференцијален третман во трговијата или кои се предмет на мала бесцаринска квота во рамки на договорите за слободна трговија“**, велат од Влада.

# СТРУЈАТА ЌЕ ГИ „ИЗГОРИ“ ГОЛЕМИТЕ СЕМЕЈСТВА

Тоа што струјата поскапе во просек за 7,4% е голем проблем, но уште поголем е воведувањето на 4-тарифни блокови во високата тарифа. Во 4-тиот, кој опфаќа потрошувачка над 1050 киловатчасови месечно, цената е зголемена за над 130%. Тоа е огромен удар врз големите семејства. Тие сега се принудени да поставaт повеќе броила за да плаќаат пониски сметки. И покрај тоа што ЕВН вети дека навреме ќе реагира и дека има доволен број броила, во практиката ветувањата не се исполнуваат. Факт е дека новиот тарифник беше објавен премногу доцна, во последната недела од јуни, па компанијата не може експресно да одговори на сите барања. Граѓаните, очекувано, се револтирани бидејќи сметките веќе стигнаа за наплата во август.

**Поделбата на струјомерите - долг и комплициран процес за големите семејства.**
*Извор: ЕВН Македонија*




**„Не ни ги менуваат струјомерите, ни требаат три затоа што сме три семејства со еден струјомер. Десетина пати поднесуваме. Ништо не ни кажуваат. Не доаѓаат. Секој треба да има своја сметка, секој за себе. Секој брат мора да има своја сметка, па со еден струјомер не можете да контролирате кој колку троши. Кога ќе добиеме 25 илјади денари, нема да знаеме како да ги поделиме“,** рече еден револтиран граѓанин.

Трошоците за приклучување со нов струјомер се движат од 200-500 евра, на кои се додаваат трошоците за техничко одвојување на просторот за домување и нови кабли од електричните столбови.

Од ЕВН Македонија потврдуваат дека имаат преголем број барања за разделување на струјомерите, на кои треба да одговорат. Велат дека мора заинтересираните да поднесат барање за нов приклучок до компанијата.

**„За да се има дополнителен струјомер, потребно е да се исполнат техничките и законските услови, како на пример, посебни инсталации во деловите од зградата што треба да се снабдат со посебни струјомери и соодветна документација за имотот. Покрај тоа, се бараат сите други документи како во друг случај за нов приклучок. Преку пополнување на документацијата може да аплицирате за нов приклучок“,** велат од ЕВН Македонија.

Граѓаните, по воведувањето на тарифникот, не се подготвени оваа промена да ја завршат веднаш. Речиси сигурно е дека неколку месеци ќе плаќаат повисоки сметки додека да се постават новите броила. Освен барањата до ЕВН, треба да се изврши и физичка делба на имотите за да се одвојат посебни станбени единици. Ваквите постапки може да траат и со месеци ако има имотни спорови или, пак, ако наследниците на сопствениците на имотот немаат финиширано со оставинската постапка.




„Save gas for a safe winter " - Европа го објави планот за штедење енергија.
*Извор: europeanconservative.com*



## „МОРА ДА СЕ ШТЕДИ", АМА ОД ШТО?

Граѓаните се налутија кога пред неколку месеци вицепремиерот Битиќи им порача да штедат струја, без притоа да ги задолжи државните институции да го сторат тоа. И додека често по јавните институции може да се забележат случаи на вклучен климатизер што лади додека се отворени прозорците, населението е гневно бидејќи веќе не остана од што да се штеди. Луѓето велат дека со години живеат со рестрикции на струја. Вклучуваат бојлер, пегла и машина за перење исклучиво на евтина тарифа по 22 часот во работни денови, вклучуваат правосмукалка во недела, исто на евтина струја, а по укинувањето на евтината тарифа преку ден, единствено готвењето остана на скапа струја. Едноставно, штедењето на струја станало до тој степен начин на живот што нема повеќе од што да се скрати.

**„По 10 часот ќе се вклучувам, бидејќи сум на кварцна печка и на термо. Размислувам да земам и клима. Не знам! Само така преку ден малку и навечер. Друго чаре нема! Премногу е скапо, ама ќе се трудиме да опстанеме. Немаш избор! Ќе скратиш на едно, ќе платиш друго! Колку е, толку е! Пензијата е таа. Ако претходно си топлел 5 часа, сега ќе топлиш два часа. Ќе се облечеш потопло и готово",** коментираат граѓаните.

Вицепремиерот Битиќи, пак, е лут што граѓаните и фирмите не го послушале кога побарал да се штеди. Вели дека јавните институции во наредниот период ќе добиеле насоки како да штедат струја, но ништо нема да биде задолжително, туку исклучиво на доброволна основа. И додека Владата тактизира, другите држави на големо преземаат мерки за полесно да ја пребродат зимата. Во Европската Унија ниту една зграда или деловен простор нема да смее да се загрева на повеќе од 19 степени, а климите ќе ладат до најмногу 25 степени. Фабриките и граѓаните имаат насоки да ја сведат потрошувачката на гас на минимум, додека државата ги полни складиштата на максимум. Се промовира работа од дома и поттикнување на користењето на јавниот транспорт. Кризниот план за најлошото сценарио што го усвои ЕК доаѓа по најавите за целосен прекин на рускиот гас кон ЕУ.



Максим Димитриевски,
градоначалник на Општина Куманово

# ИНТЕРВЈУ СО МАКСИМ ДИМИТРИЕВСКИ

## Градоначалник на Општина Куманово

**Втор мандат и уште поголем предизвик за раководење на најголемата општина во Македонија. Градоначалникот на Куманово, Максим Димитриевски, најавува инфраструктурни проекти, спортски терени и се залага за „зелено“ Куманово. Димитриевски во интервјуто за ,,Магазинот за туризам и менаџмент“ најавува нови странски инвестиции, кои ќе донесат и нови работни места. Во однос на економската ситуација во земјата, вели дека нè чека тешка зима, а ние како држава ни оддалеку не сме подготвени да се справиме со ваков сериозен предизвик.**

# ПРОЕКТИТЕ ГИ ЦРПИМЕ ОД ГРАЃАНИТЕ

## Градоначалникот на општина Куманово, Максим Димитриевски, најавува нови инвестиции и нови работни места.



**По втор пат ја добивте довербата на граѓаните во Куманово да ја менаџирате, според бројот на жители, најголемата општина во Македонија. Во минатото се залагавте за подобра иднина на младите, но дали ќе успеете овој пат, во оваа економска криза во која се наоѓа државата, да придонесете да се подигне стандардот на граѓаните во Вашата општина? Има ли на повидок компании што се заинтересирани за инвестирање и за отворање нови работни места во Куманово?**

И покрај економската криза, секојдневно сме во разговори со странски компании што сакаат да инвестираат на територија на Куманово. Започната е изградба на фабрика за производство на бетонски префабрикувани елементи во индустриската развојна зона Новини и Речица. Инвеститор е грчката фирма „ARMOS Balkan“. Дополнително, разговаравме со менаџментот на компанијата од автомобилската индустрија „DRÄXLMAIER Group“ за отворање дополнителен капацитет, каде што во следните две години би се отвориле работни места за повеќе од 2000 сограѓани. Нашиот фокус е како општина да привлечеме нови компании и инвестиции што треба да обезбедат нови работни места, да го зајакнеме стопанството, а со што ќе обезбедиме и подобри економски услови за граѓаните на нашата општина.

**Во првиот мандат се пофаливте со големи проекти. Кои се Вашите инвестициски потфати за овој?**

Во изминатиот период реализиравме голем број проекти со кои го подобривме секојдневието на кумановци. Изминатиот мандат реализиравме над 400 проекти, а во овој планираме имплементација на повеќе од 800, во сите сегменти, вклучувајќи и инвестициски проекти за развој на градот. Продолжуваме со изградба на кружни текови на повеќе локации во градот, два нови кружни тека се веќе во завршна фаза, а планираме да изградиме уште најмалку два. Продолжуваме со изградба на нови спортски терени, целосно уредување на градскиот парк, веќе во тек, и изградба на нови паркови и зелени површини. Сите љубители на спортот ќе можат повторно да спортуваат во култните спортски објекти во градот. Предвидена е целосна реконструкција на спортската сала и на Соколаната, која ќе се одвива во неколку фази. Дел од активностите се веќе започнати. Во однос на патната инфраструктура, следува пробивање на булеварот „Октомвриска революција“ со улицата „Братство-Единство“ и целосно уредување на ул. „Братство-Единство“ на потег од автобуска станица до градската џамија. Малиот плоштад во Куманово ќе биде

„

***Вратите на општината се отворени за сите граѓани, во кое било време можат да дојдат и да разговараат со мене или со вработените. Исто така, секојдневно телефонски комуницирам со нив, како и онлајн на социјалните мрежи, се трудам да помогнам во секој сегмент во доменот на моите надлежности. Идеите и проектите ги црпиме токму од граѓаните, зашто самите жители најдобро знаат што е потребно за местото во кое живеат.***



реконструиран, а ќе продолжиме и со тековна изградба на улици и патишта, водоводна мрежа, канализација, како и со постојано вложување во училишните објекти на општинските основни и средни училишта, како во централното подрачје, така и во подрачните училишта. Планираме воведување пешачка зона за граѓаните во централното градско подрачје, како и дополнително поставување нова урбана опрема, детски катчиња и модерни урбани скверови.

**Колку често сте на терен одблиску со проблемите на граѓаните?**

Заедно со претседателката на Советот и советниците од граѓанската иницијатива „За наше Куманово“, секојдневно сме во контакт со граѓаните. Постојано имаме прием на граѓани во Општината, излегуваме на терен, ги посетуваме населените места, разговараме со жителите за локалните проблеми со кои се соочуваат и заеднички наоѓаме решенија за да им го олесниме животот. Вратите на Општината се отворени за сите граѓани, во кое било време можат да дојдат и да разговараат со мене или со вработените. Исто така, секојдневно телефонски комуницирам со нив, како и онлајн на социјалните мрежи, се трудам да помогнам во секој сегмент во доменот на моите надлежности. Идеите и проектите ги црпиме токму од граѓаните, затоа што самите жители најдобро знаат што е потребно за местото во кое живеат. Со ваквиот одговорен пристап кон работата ќе продолжиме и понатаму, да ги слушаме граѓаните и да спроведуваме проекти исклучиво во нивни интерес.

**Економската криза коси во Македонија. Колку има оваа влада капацитет да се справи со неа и со инфлацијата?**

Последиците од економската криза ги чувствуваме сите, и ние како локална самоуправа, а особено граѓаните. Цените на прехранбените производи и на енергенсите се зголемени, живејачката е поскапена, а платите се речиси исти, со благ пораст што не го следи соодветно рапидното покачување на цените на производите и на услугите. Сегашната Влада треба повеќе да се насочи кон економскиот развој на државата и кон решавање на овие проблеми што ги засегаат сите граѓани во неа. Платите мора да растат, а државата мора да биде одговорна и да не дозволи граѓаните потешко да живеат со огромен финансиски товар на грбот. Мора да се носат мерки што ќе им го олеснат живеењето, а не дополнително да ги



Отчет за 100 дена мандат.

оптоваруваат во овие тешки моменти. Стопанството стратешки мора да се стимулира со конкретни мерки за да се зголеми извозот со намалување на дефицитот – на тој начин се покачува БДП-то. Земете го само примерот со прехранбената индустрија, каде што домашните месопроизводители се во подредена положба во однос на странските или, конкретно, месната индустрија од поранешните ју-простори.

**Како поранешен член на СДСМ, каде сметате дека ги прави владејачката партија најголемите грешки за време на преговорите со Европската Унија?**

Формално-правно сè уште сум член на СДСМ, а партиското дистанцирање или таканареченото „исклучување“ беше еднострано, по желба на поединци, а поради јавните ставови што ги искажував целиот изминат период за важни процеси и проблеми во нашето општество. Сметам дека СДСМ во време на опозиција имаше јасен концепт, визија и идеја како треба да се води една држава, но по неколку години практикување власт, работите целосно се променија. Поединци во раководството на СДСМ се изедначија со режимот на Груевски, па дури и го надминаа во многу сегменти, т.е. го усовршија. Потпишаниот меѓудржавен договор за добрососедство и последниот потпишан протокол меѓу Македонија и Бугарија се штетни затоа што навлегуваат во македонските национални интереси. Нема јасна формулација и гаранција за македонскиот јазик, македонската историја, идентитет, заштита на македонските историски настани и личности. За каков успех зборуваме кога ќе се менува македонската државност и наеднаш ќе кроиме држава по бугарски терк!? Факт е дека преговорите нема да ги започнеме пред да го смениме Уставот со вметнување на Бугарите, кои гласно кажуваат дека не го признаваат нашиот македонски јазик, а со тоа ниту македонскиот народ. Како е возможно да ги задоволиме ваквите барања на Бугарите, а Македонците во бугарскиот Устав воопшто и да не се споменуваат?

**Македонија се наоѓа на крстосница. На маса беше ставен и одобрен од Собранието францускиот предлог, со кој очигледно се**

**зацврстува позицијата на Бугарија во спорот со Македонија. Каков е вашиот став по однос на ова жешко прашање?**

Мојот став по однос на францускиот предлог што треба да го реши македонско-бугарскиот спор е веќе познат – тој е неприфатлив за нас Македонците поради тоа што ја урнисува нашата македонска државност за да се задоволат потребите на бугарската страна. Што да им кажеме на нашите баби и дедовци кога ќе треба да биде променета историјата дека Бугарите биле администратори, а не фашистички окупатори!? Што ќе им кажеме на нашите деца кога ќе бидат ревидирани учебниците по историја? Што ќе им кажеме, со кој образ, но и како ќе ги погледнеме во очи нашите предци кога ќе треба да бидат променети спомениците? Значи, со гласањето на ваквиот предлог, дел од политичката елита наводно манифестираше лажна надеж, а всушност државата од крстосница ја направија кружен тек каде што постојано под притисок и уцени од бугарската страна слепо ќе талкаме по членството во ЕУ, а самиот тој пат ќе биде поплочен со многу непристојни предлози, кои од билатерални станаа мултилатерални, директно со ЕУ. На крајот, постои опасност да дојдеме до нивото дека нашиот македонски народ потекнувал од бугарскиот народ, што е целосна невистина и апсурд!

**Народот го крена својот глас. Секојдневно беше на улиците, се собираа илјадници граѓани што се против политиките на власта и против францускиот предлог. Силата на граѓаните не победи. Зошто го игнорираше Владата гласот на народот?**

Оваа Влада одамна не го слуша гласот на граѓаните иако е избрана токму од нив за одговорно да служат и да се грижат за државата. Последните локални избори требаа да бидат аларм за оваа влада да го промени своето однесување, но повторно продолжија со истиот начин на работа. Огромен е бројот на незадоволни граѓани што не се согласуваат со чекорите што се преземаат за решавање на македонско-бугарското прашање. Од ден во ден нова криза – здравствена, економска, енергетска, егзистенцијална, имаме блокади, несреќни граѓани, сиромаштија, корупција на тони. Зошто го игнорира Владата гласот на народот? Одговорот е поради страв од губење на власта. Зошто не беше народот воопшто прашан што и како размислува за францускиот предлог е прашањето што го поставува секој граѓанин. Но, токму граѓаните се тие што ја даваат и ја одземаат власта.

**Покрај народот што излезе на улица и кој е против францускиот предлог, на оваа владејачката гарнитура ѝ се случија редици други протести. По зголемување на минималната плата, синдикатите бараат рамноправност и правилно зголемување на платите во јавниот сектор. Колку може да издржи буџетот за да се реализираат сите барања?**

Во услови на константен пораст на егзистенционалните трошоци, сметам дека на секој вработен треба да му биде зголемена платата, затоа што така и самите вработени ќе бидат повеќе продуктивни, помотивирани да ги завршат своите работни обврски, а ќе имаат и повеќе финансиски средства да го планираат својот живот. Верувам дека од буџетот би можело да се реализираат барањата на синдикалците и на вработените во јавниот сектор, потребно е Владата да скрати од непродуктивни трошоци и да почне вистински да се грижи за потребите на граѓаните. Потребна е рационализација на вработените во јавниот сектор, департизација и целосна професионализација. До кога со рамковисти и партиски лојалисти што седат дома а земаат плата, или, пак, со овие што на работното место им шефуваат на раководителите?

**Дали Вие, како градоначалник на општина Куманово, сте побарале помош за определени проблеми од централната власт и колку сте добиле поддршка?**

Во минатото имаше повисоко ниво на соработка, во одредени моменти и конкретна помош за локалните самоуправи од страна на Владата за плаќање на старите долгови, но за жал не беа еднакво третирани сите општини. Оние што враќаа најмногу и кои се обидоа да

ги исплатат долговите, добија всушност најмалку, додека тие што воопшто не работеа домаќински, добиваа во континуитет најмногу врз база на претходно обезбедена политичка поддршка. Откако влеговме во енергетска криза, за жал, актуелната Влада нема слух за решавање на финансиските проблеми во кои навлегуваат јавните претпријатија поради проблемот со покачување на цената на енергенсите, кои на крајот сепак ќе мора да бидат пресметани во сметките што ги креираат кон граѓаните, бидејќи во целиот период отсуствува директна финансиска помош од Владата. Истото се однесува и во процесот на образованието, каде што според закон државата е должна да го финансира образовниот процес, а сè уште нема изнајдено решение и начин како да доставува средства до општините за да може да се воспостави нормален образовен процес во кој ќе бидат покриени сите трошоци на основните и на средните училишта.

**Економска криза, тешка политичка ситуација. Да се биде градоначалник во ова време е вистински предизвик. Дали и колку наоѓате слободно време за себе? Како го поминувате?**

Со оглед на зголемениот обем на активности, настани, средби, морам да кажам дека немам многу слободно време. Но, затоа секое слободно време за празниците или за викендите, во кои ретко сум без обврски, сакам да бидам во друштво на моите најблиски, а тоа е семејството, мојата сопруга Надица, децата и пријателите. Најчесто одиме во природа, планинариме, сакам понекогаш да возам мотор, да одам во лов на штетен дивеч, да им посветам внимание на моите домашни миленици, но и да се собереме на семеен ручек во потесниот круг на семејството. Нема ништо поубаво кога целото семејството е собрано, во убава атмосфера и со добар разговор.



Презентација на индустриска зона на претставници од бизнис секторот.



**Пејсаж од Дојранско Езеро**
*Извор: journeymacedonia.com.jpg*

# ДОЈРАН СЕ ВРАЌА НА ГОЛЕМА ВРАТА НА ТУРИСТИЧКАТА МАПА



**Жешкото сонце, мирисот на маслинките, слатките смокви, остатоците од фронтот – синонимите за Дојран се многубројни, исто како и причините за посета на ова мало туристичко место на крајниот југоисток од државата. Пред половина век беше рај за туристите, не само од југоистокот туку и од цела држава. Остана со години да пропаѓа, сè додека не го достигна дното. Сепак, последниве 10-тина години, се чини доживува преродба, па сè повеќе Македонци се заинтересирани не само да летуваат во Дојран, туку и да си купат викендички за да уживаат подолго. Полека, но сигурно, Дојран се враќа на голема врата на туристичката мапа.**

Околу 100.000 туристи е дострелот што Дојран може да го постигне на туристички план во последните неколку години. Тоа е солидна бројка ако се знае дека најмалото природно езеро во земјава со години беше запоставено. Сепак, се чини дека топлата вода, медитеранската клима и реновираните плажи ги вратија гостите на југоистокот од земјава. Ако беше пред дваесетина години полузапуштено, сега Дојран слободно може да се опише како спој од две модерни населби, со средени плажи, уредени паркови, патеки, релативно чисто место, едно од ретките со многубројни корпи за отпадоци. Во Дојран



Градоначалникот Анго Ангов - оптимист за развојот на туризмот во Дојран.

функционираат 40-тина хотели и одморалишта, 600 приватни капацитети, 300 викендици, неколку казина. Понуда има за сите, од најмали до најстари. Гостите се задоволни од тоа како се уредени плажите.

**„Со години со цело семејство доаѓаме овде. Топло е и евтино. Водата е плитка, па децата уживаат."**

**„Гледам има корпи за отпадоци на секој чекор. Многу убаво е средено."**

**„Одамна не сме биле овде. Сосема поинаку изгледа гратчето. Има многу апартмани и соби за издавање. Порано немаше толку избор"**, велат туристите.

Најголемиот метеж од туристи се создава за време на Д-фестивалот, кој се одржува повеќе од една деценија и во втората половина од август, кога цветаат алгите, па многу семејства, претежно оние со мали деца со респираторни проблеми го посетуваат Дојран, исто како и оние што мака мачат со реума, кои се мачкаат со лековитата кал од езерото. Стартот на јули беше одбележан со Д-фестивалот, кој траеше три дена и кој внесе нова енергија во градот по пауза од две години. Средината на месецот беше одбележан со фестивалот „Мандра", главно ориентиран кон балканските изведувачи. Локалните власти се согласуваат дека токму организирањето поголеми културни настани ги собира гостите во Дојран.

**„И за време на короната имавме доста посетеност бидејќи беа затворени границите. Оваа година рано почнаа фестивалите, почнувајќи од Д-фест, го имавме фестивалот Мандра, имаме Рок-фестивал, имаме доста збиднувања што се случуваат во Дојран. Самите настани влечат**

Вака изгледа езерото додека цветаат алгите.





Најмногу гости во Дојран има во јули и во август.

**многу народ, особено Д-фестот, бидејќи трае веќе 12 години. Д-фестот го полни не само Дојран, туку цел регион, привлекува голем број посетители, доаѓаат светски ѕвезди. Мандра е балкански фестивал, за таква публика е. Секој си има посебна публика. Најголем број туристи има во јули и во август, но радува тоа што почнуваат да доаѓаат гости во сите годишни времиња.**

**Преполн е Дојран, особено за викендите. Се инвестира во сместувачки капацитети. Во моментов се градат 13 згради, односно апартмани за сместување, така што се зголемува бројот на сместувачки капацитети, се реконструираат стари хотели, има некое економско заживување, што е добро за туризмот“,** вели градоначалникот на Дојран, Анго Ангов.

## ДОЈРАН – ЕВТИНА ДЕСТИНАЦИЈА

Сепак, се чини дека зголемениот број туристи и растечката инфлација ги „зачини“ цените во угостителските објекти. Во угостителските објекти покрај кејот на езерото, цените се зголемени, но и покрај тоа Дојран останува да важи за релативно евтина дестинација споредено со другите туристички места покрај природните езера. Така, кафето сè уште чини 60 денари, шопска салата чини 150 денари, пиво „скопско“ – 100 денари, цезар-салата – 200 денари, пилешки прсти – 180 денари, рибна чорба – 150 денари, крап – 400 денари, сом – 500 денари, црвеноперка – 250 денари, чипс од крап – 350 денари, итн.

Релативно евтина гастрономска дестинација.





Голем интерес за изградба на викендички во Дојран.

## ИНВЕСТИЦИСКИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ ОСТАНУВА СЛАБО ИСКОРИСТЕН

Не само што сакаат да летуваат, туку многу семејства од Скопје и од другите градови одлучуваат да купат или да изградат викендички во Дојран, а не ретки се и оние кои покрај езерото гледаат голем потенцијал за идните инвестиции. Од општината велат дека за големи компании што сакаат да градат хотели имаат парцели, но проблем биле помалите наменети за домување.
Урбанистичкиот план за Стар Дојран не бил ставен во функција 7-8 години, потврдува првиот човек на општината. Вели дека бавно течеле процедурите особено затоа што дел од Дојран е  заштитено подрачје, а бирократијата само ги одолговлекувала работите. Бара законски измени за да може овие ДУП-ови побрзо да се донесат, па општините да може да инкасираат повеќе пари од градење, односно од комуналии.

**„Треба да се скратат роковите за добивање одговор од институциите, а не кога ќе се достави урбанистичкиот план, само нови забелешки да се доставуваат, кога се веќе претходните исправени. Мора да има пократки рокови за носење, а самите институции да бидат поспремни за одговор кога има пропусти. Мора да се разгледа ова, бидејќи предуслов за развој на која било општина е носењето на тие планови. Ние имаме неколку активни ДУП-ови. Успеавме да направиме неколку продажби. Ги имаме сега и ингеренциите за продажба на градежно земјиште. Досега имаме реализирано 3 продажби и инкасирано милион евра од продажба на парцелите. Дојран стана многу атрактивен за купување градежно земјиште, па и цената се зголеми од 10 на 100 евра“,** вели Ангов.

Најголем дел од инвестициите на општината се направени со пари од европските фондови. Локалната власт успеала да реновира повеќе стари објекти од историска важност како Саат кулата и Турската бања токму на овој начин, а истовремено да ги врати старите долгови и да го зголеми општинскиот буџет. Сепак, еден крупен проект чека на реализација – санација на колекторскиот систем и нова пречистителна станица, проект што треба да добие и владина поддршка. Градот често има проблем со водата. Затоа се работи на нови бушотини за да се обезбедат нови количини вода што ќе ги задоволат потребите на старите жители, но и на новите, бидејќи се градат многу објекти.

Саат-кулата во Дојран -
сведок на османлиското владеење со градот.



## ДОЈРАН – СТАРО-НОВА КАМП ДЕСТИНАЦИЈА?

Освен Стар и Нов Дојран, каде што забрзано се гради и се развива туризмот, како и Мрдаја на самата граница со Грција, која останува доста атрактивна за инвеститорите, се чини дека остатокот од езерото е запоставен. Ретко кој од помладата генерација знае дека најубавата плажа на Дојранското Езеро се наоѓа токму отспротива, на другиот крај на езерото, исто така на грчката граница. За постарите, пред 50-тина години, автокампот „Ачикот“, кој се наоѓал на ова место, бил симбол на младешките лудории. По неколку години, откако имаше  малку успешни обиди оваа плажа да добие модерен лик, ова лето таа е повторно оставена пуста. Останати се неколку лежалки, остатоци од минатогодишниот „Николич бич бар“, додека е шанкот целосно запуштен. Селото Николиќ е на пристојна оддалеченост, па оние што сакаат да поминат едно попладне на оваа плажа, мора да се снабдат со сите неопходни продукти во двете продавници што функционираат во селото. Патот е посебна приказна, нема асфалт, само набиена земја во должина од околу два километри. Градоначалникот Ангов признава дека има бројни пропусти што треба да се надминат. Инфраструктурата е приоритет, но тој сака ова место повторно да стане атрактивна камп-дестинација.

**„Во Николиќ нема пат, нема водовод до објектите, струја. Следно што планираме е урбанизација на тој дел. На времето, најпопуларен камп бил ‚Ачикот', а сега планираме токму на тој дел од плажата во Николиќ да направиме автокампови, на тој дел да ги префрлиме луѓето што се заинтересирани за таков вид туризам. Тоа е веќе во фаза на изработка. Планираме да се пријават компании што ќе сакаат да ја завршат таа постапка. Мислам дека од следната година ќе бидеме подготвени да го ставиме под концесија и да биде во употреба тој урбанистички план. Еден од приоритетите ни е тоа, така ќе го рашириме туризмот не само во Стар Дојран, туку и од другата страна на езерото“,** вели Ангов.

Плажата во Николич - една од најубавите на езерото.



## МНОГУ ИСТОРИЈА СОБРАНА НА МАЛ ПРОСТОР

Дојран е познат по топлата вода и вкусната храна, но плажите не се единствениот адут за привлекување туристи. Оние што сакаат поактивен туризам, може да се искачат на блиската планина по која се протегал фронтот во Првата Светска Војна. Главните точки на интерес се обележани, а од местото се протега целосен величествен поглед на Дојранската Долина.

Ретко кој знае дека градот бил евакуиран, а потоа и целосно разурнат за време на борбите меѓу Силите на оската и Антантата. Од тогашните 18.000, сега градот има 3.000 жители. Во тоа време е разурната и црквата Св. Илија, која се наоѓа покрај самиот пат во Стар Дојран. Денеска е целосно реновирана и служи дури и за организирање концерти во рамките на Д-фестивалот. Познати музичари, меѓу кои и Влатко Стефановски и Ману Чао, имале настапи во самата црква, чии простории ги опишале како место со навистина добра акустика. Освен црквата, пред околу 6 месеци заврши и реконструкцијата на Саат кулата и Турскиот амам, релативно непознати објекти во Дојран, кои се наоѓаат во близина на црквата. Со пари од европските фондови, Саат кулата изградена во далечната 1372 година и уништена во Балканските војни го доби првичниот автентичен изглед и висина. На Градската бања се извршени конзерваторски и реставраторски работи, расчистување на локацијата и поплочување на патеки до локалитетите. Локалната власт е свесна дека овие историски места, заедно со линијата на фронтот се интересни, а релативно непознати за јавноста, па планира да формира јавно претпријатие што треба да се грижи за објектите.

**„Ние како општина пред неколку месеци донесовме одлука да формираме ново јавно претпријатие што ќе се грижи за организирање тури, за ставање во употреба на музејот, турската бања, на фронтовската линија, што ќе биде доста атрактивно за туристите. Ова јавно претпријатие ќе си има посебно вработени луѓе што ќе бидат туристички оператори, ќе ги одржуваат самите објекти и сл. Ќе помагаат во организација на настани и во создавање нови содржини, кои треба да привлечат нови туристи“,** вели градоначалникот.

Поради близината на граничниот премин, многубројни туристи (најчесто Срби) на одење или на враќање од Грција, остануваат по неколку дена во Дојран. За да се привлечат што е можно повеќе луѓе да го посетат овој регион, градоначалниците од околните општини, заедно со угостителските објекти и со сместувачките капацитети имаат иницијатива да изработат заедничка понуда во делот на туризмот, која би била наменета за промоција на странскиот пазар. Таргети се пред сè српскиот и бугарскиот пазар. Намерата е да се збогати туристичката понуда со повеќе содржини што би им биле интересни за посета на странците.

Црквата Св. Илија - еден од симболите на Стар Дојран.



## ВОДАТА НА ЕЗЕРОТО НА СООДВЕТНА ВИСИНА И СО ДОБАР КВАЛИТЕТ

Дојранското Езеро пред еколошка катастрофа. Ваков аларм стигна пред околу два месеца, откако се дозна дека поради заштеди на струја, хидросистемот „Ѓавато“ што преку пумпи го одржува езерото, не го полни со свежа вода веќе три месеци. Дека до крајот на летото, нивото на Дојранското Езеро може да се намали и за еден метар ако итно не бидат вклучени пумпите што носат вода, предупредија советниците од опозицијата во општината.

**„На крајот на летово, може да ни се случи катастрофа. Најголем проблем ќе биде во летните месеци, кога има најмногу испарување на водата и кога населението ги наводнува посевите. Во тој период, ако нема дотур на свежа вода, мислам дека дефинитивно ќе се наруши биодиверзитетот на Дојран, кој на граѓаните им е на прво место“,** рече Кирил Крапчев, советник во Општина Дојран.

И од Кабинетот на градоначалникот и од Министерство за животна средина надлежно да го одржува хидросистемот „Ѓавато“, смируваат дека опасност од еколошка катастрофа нема. Системот не морал да впумпува вода во текот на целата година ако е водостојот на езерото добар.

**„Буџетот на Министерството е неоправдано оптоварен со енормно високи сметки за електрична енергија, кои од 4 милиони денари месечно, од октомври во минатата година, се зголемија на повеќе од 20 милиони денари. Нема место за вознемиреност, а во случај на евентуално намалување на нивото на езерото, Владата ќе ја разгледа можноста за повторно приклучување на системот“,** соопштија од Министерството за животна средина.

Засега податоците се добри. Редовните контроли покажуваат дека водостојот на Дојранското Езеро е за два метри повисок од „нултата кота“. Температурата на водата е 23 степени на средината на јули.



**Водостојот на езерото во моментов е над нултата кота.**

# ДУРБИН

## АВСТРИЈА И КАНАДА СЕ БОРАТ СО НАЈВИСОКАТА ИНФЛАЦИЈА ВО ИЗМИНАТИТЕ 40 ГОДИНИ



Животот на Австријците значително поскапе. Земјата се бори со инфлација највисока во изминатите 47 години.  Во јуни таа достигна рекордни 8,7%, најмногу поради зголемените цени на горивата, намирниците, струјата и на угостителските услуги. Потрошувачка кошничка се зголемила за 19%. Дизел-горивото во јуни, споредбено со истиот период лани, е зголемено за неверојатни 65%, а бензините за 61%, покажуваат официјалните податоци на Статистичкиот завод на Австрија.

И Канада се соочува со најголемата инфлација што е забележана во изминатите 40 години. Индексот на потрошувачките цени достигна 8,1% на годишно ниво во јуни, по растот од 7,7% во мај, покажуваат податоците на агенцијата за статистика на земјата, каде што се додава дека овој пораст не е забележан од јануари 1983 година.

Порастот во јуни главно се должи на повисоките цени на бензините, кои се зголемија за неверојатни 54,6% на годишно ниво, објаснува агенцијата за статистика. Платите на вработените се зголемени за 5,2% но сепак не успеале да ја достигнат инфлацијата.

Иако за Канада овој процент на инфлација е значителен, таа сепак има пониска стапка од САД, каде што е забележана инфлација од 9,1%, како и од Обединетото Кралство со инфлација од 9,4%.

Инаку во еврозоната инфлацијата  била 8,6%, а се зголемува во сите земји. Највисоки годишни стапки на инфлација се забележани во Естонија од 22%, Латвија 20,5%, а најниски во Малта од 6,1% и во Франција од 6,5%.

**Инфлацијата коси – бројките секојдневно се повисоки во сите земји во светот.**
*Извор: Getty Images*



# ВЕСТИ ОД СВЕТОТ

## ЗЕМЈИТЕ ОД ЕУ ЌЕ ЈА ВРАЌААТ ЖЕЛЕЗНИЦАТА ЗА ДА ГИ НАМАЛАТ ТРОШОЦИТЕ



Европската Унија објави поекономичен и поеколошки план за превоз. Клучни аргументи се дека возовите испуштаат мали транспортни емисии од 0,4%, за разлика од авионите, кои произведуваат над 10 пати повеќе CO2 и од кои се поекономични. Земјите од Унијата планираат да ги стават брзите возови како главен транспорт за граѓаните.

Германија за своите граѓани од јуни до август дозволи неограничено користење на возовите за само 9 евра месечно. Веднаш штом се донесе одлуката од страна на германската влада, граѓаните веста ја споделуваа на социјалните мрежи, па идејата стана успешна за само еден месец. Земјата ги повика и останатите држави да го следат примерот.

Анализите покажале дека само во првата недела, патувањата со воз помеѓу 100 км и 300 км се зголемиле за 46%, а над 58% за патувања на растојанија од 30 км до 100 км, во споредба со нивоата пред пандемијата. Истовремено се намалил и метежот во автомобилскиот сообраќај.



**Германија повикува – патувајте со воз, поевтино е!**
*Извор: european-traveler.com*



**Бесплатен железнички сообраќај во Шпанија.**
*Извор: andalucia.com*

# ШПАНИЈА ОВОЗМОЖИ БЕСПЛАТЕН ПРЕВОЗ ЗА ВОЗЕЊЕ СО ВОЗ НА КРАТКИ И НА СРЕДНИ РЕЛАЦИИ

Шпанската влада донесе одлука од септември до крајот на годината да им овозможи бесплатен железнички превоз во возовите што сообраќаат на кратки и на средни релации, односно патувања до 300 километри. Со овој чекор владата очекува да ги намали трошоците на граѓаните.

Брзите возови на долги релации не се вклучени во оваа одлука, како и билетите за еднократно возење.

Инаку оваа мерка за помош за граѓаните е надополнување на претходната, со која цените на целиот јавен превоз, кој вклучува метро, трамвај и автобуси, за сите граѓани беа намалени за 30%.



**Платата во Хрватска секој месец вреди сè помалку.**
*Извор: Pixabay*

# ИНФЛАЦИЈАТА ЈА ИЗЕДЕ ХРВАТСКАТА ПЛАТА – ТАА ВРЕДИ ЗА 2,3% ПОМАЛКУ ОД ПРЕТХОДНИОТ МЕСЕЦ

Просечната нето-плата продолжува со номиналното зголемување, но со оглед на инфлацијата што постојано расте, таа вреди помалку од лани, пишува мултимедиската платформа „N1“, ексклузивниот партнер на „CNN“.



**Во Хрватска ова лето има над 4,5 милиони туристи.**
*Извор: croatiaweek.com*

# ХРВАТСКА ВО ЈУЛИ ЈА ПОСЕТИЈА 4,5 МИЛИОНИ ТУРИСТИ



Во земјата во јули престојувале повеќе од 4,5 милиони туристи. Домашните и странските туристи оствариле вкупно 29,4 милиони ноќевања во земјата. Од нив најмногу престојувале гостите од Германија, кои оствариле вкупно 5,3 милиони ноќевања. Зад нив се тие од Словенија со 3,7 милиони, од Чешка со 2,4 милиони, од Полска со 2,2 милиони и од Австрија со 2 милиона ноќевања.

По региони, најголем број туристи имало во Истра – 7,9 милиони, потоа во сплитско-далматинскиот регион – 5,6 милиони ноќевања, а по кој следува приморско-горанска жупанија со 5,3 милиони ноќевања.

Во однос на дестинациите, најмногу туристи имало во  Ровињ, Вир, Медулин, Пореч, Умаг и Дубровник.

Најмногу туристи избрале апартмани за сместување, односно објекти за домаќинство, а помалку кампови и хотели.

Според последните податоци на државниот завод за статистика на Хрватска, просечната плата за околу 1,38 милиони вработени во земјата за јуни изнесувала 7.690 куни или околу 1.000 евра. Тоа е за 143 куни или 1,9% повеќе од претходниот месец, додека во споредба со истиот период лани претставува покачување од 8,2% или 586 куни. Оваа плата им е исплатена на поголем дел од граѓаните во државата. Според податоците на хрватскиот Државен завод за статистика, од близу 700.000 луѓе, половина земаат 6.490 куни (околу 860 евра), а другата половина над тоа. Иако просечната плата е зголемена како на месечно така и на годишно ниво, сепак таа реално се гледа според растот на цените односно животните трошоци.  Особено ако е познато дека има голем број граѓани што заработуваат најмногу до 4.182 куни (околу 550 евра), а околу 280.000 луѓе помалку од 6.000 куни (околу 800 евра), ова значи дека само 10% од вработените заработуваат 11.900 куни или околу 1.500 евра нето-плата.



**Работат напорно, но немаат пари за годишен одмор.**
*Извор: financialtribune.com*

# ДУРИ 38 ИЛЈАДИ ЕВРОПЕЈЦИ НЕ МОЖАТ ДА СИ ДОЗВОЛАТ ДА ОДАТ НА ГОДИШЕН ОДМОР

Над 38 милиони вработени граѓани од европските земји не можат да си дозволат ниту седум дена одмор, покажуваат податоците на Европската конфедерација на синдикати.

Сè поголем е бројот на граѓани што се жалат дека едвај врзуваат крај со крај поради зголемените трошоци за живот и дека не можат да си дозволат ниту 7 дена одмор.

Во 2019 година бројот на земји во кои граѓаните не можеле да си дозволат годишен одмор поради финансиски причини бил половина, а оваа година е зголемен на 11 земји.

Еве дел од земјите и бројот на граѓани според податоците на Европската конфедерација на синдикати:

Италија – 8 милиони,

Шпанија – 4,6 милиони,

Франција – 4,1 милиони,

Романија – 3,9 милиони

Грција – 1,6 милиони.




**„McDonald's“ избегна тужба за даночна измама.**
*Извор: Reuters*

# „MCDONALD'S“ ИЗБЕГНА ТУЖБА ВО ФРАНЦИЈА, ПЛАТИ 1,25 МИЛИЈАРДИ ЕВРА

Поради истрага за даночна измама, американскиот ланец за брза храна „McDonald's“ во Франција плати 1,25 милијарди евра.

Претседателот на Судот на правдата во Париз го потврди договорот меѓу обвинителството и француската подружница на „McDonald's“,

# ГЕРМАНСКА КОМПАНИЈА ЈАВНО ГИ ОБЈАВИ ПЛАТИТЕ НА СВОИТЕ ВРАБОТЕНИ

Германската компанија за компјутерски игри „InnoGames" од Хамбург на својата вебстраница ги објави платите на речиси сите вработени.

Според компанијата, околу 80% од платите сега можат да се видат на интернет.

**„Транспарентноста на платите е прашање на чесност – не само кон вработените, туку и кон кандидатите за работа. Затоа решивме, по интерното објавување на нашите опсези на плати минатата година, платите годинава да ги објавиме јавно",** објаснува Мајкл Зилмер, ко-основач и главен извршен директор на „InnoGames", за одлуката платите да бидат објавени јавно.



**Платите на вработените објавени јавно.**
*Извор: innogames.com*

Објавувањето покажа дека жените не се наоѓаат во понеповолна положба во однос на мажите кога станува збор за платите.

Од она што го објави компанијата може да се забележи дека најмалку заработуваат тие што се занимаваат со таканаречената „QA" или „контрола на квалитетот", чија задача е да го проверуваат софтверот. Во овој оддел годишната бруто-плата почнува од 20.000 евра.

За дизајнерите на игри во компанијата од Хамбург се дели годишна бруто-плата во висина од 34.000 евра, пишуваат германските медиуми, а за оние што се таму подолго и се т.н „експерти", платата изнесува 85.000 евра годишно. Највисоки плати имаат менаџерските позиции во различни оддели, каде што годишната бруто-плата започнува од 115.000 евра, пренесува „Fenix Magazine".



како и тоа дека истрагите што се водат од 2016 година поради сомнение за даночна измама ќе бидат прекинати.

Француското правосудство го сомничи „McDonald's" дека вештачки го намалил својот профит во Франција со плаќање такси за лиценцирање на својата европска матична компанија во Луксембург.

На почеток на 2016 година, обвинителството покрена истрага откако претставниците на синдикатот поднесоа жалба против француската подружница на синџирот за брза храна за организирана даночна измама. Според тогашните информации, се работело за сума од 75 милиони евра на годишно ниво.

„McDonald's" е само една од неколкуте мултинационални компании што се под истрага во Европа за наводни трансфери на профит или затајување данок.

Американскиот синџир е задоволен од договорот преку кој успеа да го заврши даночниот случај. Во исто време, компанијата соопшти дека веќе платила 2,2 милијарди евра по основ даноци за истиот период.

Инаку, во Франција „McDonald's" е многу популарен. Само во оваа земја има околу 1.500 ресторани.

# КОИ СЕ НАЈПЛАТЕНИТЕ СЕКТОРИ ВО МАКЕДОНИЈА?

## ВОЗДУХОПЛОВСТВОТО СО АТРАКТИВНИ ПЛАТИ, НО КОМПЈУТЕРЏИИТЕ НА ТРОНОТ



Како да се избере вистинската професија? Што е атрактивно во моментов на пазарот на трудот и што ќе биде атрактивно во иднина? Во кои дејности има најголеми примања?

Овие прашања си ги поставуваат сите млади лица од моментот кога почнуваат да размислуваат каде да го насочат своето професионално усовршување. Во оваа насока голем е интересот на младите, но и на останатите граѓани за тоа кои се најплатените професии во Македонија. Ова посебно е нагласено во време кога младите бараат флексибилно работно време, можност за онлајн работа, а очекувањата се високи плати и примања, бонуси и други придобивки.

Во оваа анализа ќе информираме каква е моменталната состојба на пазарот на трудот во однос на најдобро платени економски сектори во нашата земја врз база на официјалните податоци од Државниот завод за статистика.




**ИКТ-секторот со највисоки плати.**
*Извор: cpro-iot.de*



## ПРИМАТОТ ВЕЌЕ НЕКОЛКУ ГОДИНИ ПО РЕД ГО ИМА ИКТ-СЕКТОРОТ

Од година во година македонскиот ИКТ-сектор бележи постојан раст во бројот на новоотворени компании и на вработени, како и пораст на извозот, на профитот и на приходите. Оваа индустрија е најбрзорастечка во земјава, која ги вработува најмладите и најпрогресивните граѓани. Сите овие показатели, покажуваат дека оваа индустрија би требало да престане да биде сервис на сите други гранки и да стане мотор на развојот на државата.

ИКТ-секторот, ако се анализираат податоците од Државниот завод за статистика, е на врвот на листата на најплатени сектори во Македонија.

Податоците на Државниот завод за статистика покажуваат дека најплатен е секторот информации и комуникации, во кој просечната нето плата за мај годинава изнесувала **60.269** денари. Во рамките на овој сектор, највисока просечна нето-плата земаат оние што се занимаваат со компјутерско програмирање, консултантски и со сродни дејности, каде што просечната нето-плата исплатена во месец мај изнесува **80.804** денари. Тоа е за два до три пати повисока плата од исплатената просечната плата или една плата на компјутерџија е колку пет најниски плати.

На второ место од овој сектор се оние што се занимаваат со телекомуникации, со просечна нето-плата од **45.239** денари, а по нив следуваат оние што се занимаваат до информативни услужни дејности со просечна нето-плата **37.695** денари.

| Сектор | V 2022 (денари ) | I-V 2022 (денари ) | III-V 2022 (денари ) |
|---|---|---|---|
| Компјутерско програмирање , консулта нтски и сродни дејности | 80.804 | 80.526 | 81.057 |
| Телекомуникации | 45.239 | 45.894 | 47.008 |

*Извор: Државен завод за статистика*




**Извоз на ИКТ-услуги од Македонија.**
*Извор: izvoz.mk*

Интересно е тоа што од година во година платите во овој сектор растат, но исто така расте и побарувачката за ИТ-кадри. Најголем проблем со кој се соочува оваа индустријата е недостигот од работна сила, на што треба да се работи во иднина.

Дека на овој сектор му оди одлично дури и во време на пандемијата, покажуваат податоците на Народната банка за извозот на телекомуникациски, компјутерски и информациски (ИКТ) услуги од Македонија.

Извозот на македонската ИКТ-индустрија бележи континуиран раст секоја година веќе неколку години наназад, кој не беше попречен ниту од пандемијата со Ковид-19.

Во изминатата 2021 година, извозот достигна **330,4** милиони евра, што претставува раст од 37% во споредба со 2020 година, покажуваат податоците од Народната банка на Македонија. Најголем дел од извозот е остварен кај компјутерските услуги, кој лани достигнал вредност од **295,2** милиони евра.

## ВОЗДУХОПЛОВЕН ТРАНСПОРТ

Во секторот транспорт и складирање, најмногу се истакнува подгрупата на воздухопловниот транспорт. Овде просечната нето-плата за месец мај изнесувала **50.340** денари и има зголемување во однос на месец април, кога просечната нето-плата била **49.584** денари.

Освен овој, одлични примања има и во секторот складирање и помошни дејности во превозот, каде што просечната нето-плата за мај изнесувала **44.249** денари.

| Сектор | V 2022 (денари ) | I-V 2022 (денари ) | III-V 2022 (денари ) |
|---|---|---|---|
| Воздухопловен транспорт | 50.340 | 50.142 | 48.818 |
| Складирање и помошни дејности во превозот | 44.249 | 43.124 | 44.411 |

*Извор: Државен завод за статистика*



**Фармацевтски производи.**
*Извор: pharmainnovation.com.br*

## ФАРМАЦЕВТСКА ИНДУСТРИЈА

Втор на листата најплатени сектори според ДСЗ е производството на фармацевтски производи и фармацевтски препарати, каде што просечната нето-плата е **50.529** денари, при што во месец мај се забележува зголемување во однос на месец април, кога просечната плата во овој сектор изнесувала **50.350** денари. Ова второ место не е за изненадување ако се земе предвид дека фармацевтските компании остваруваа огромни профити и пред пандемијата, а особено за време на пандемијата.

| Сектор | V 2022 (денари) | I-V 2022 (денари) | III-V 2022 (денари) |
|---|---|---|---|
| Производство на основни фарма цев тски произ води и фарма цев тски препарати | 50.529 | 49.733 | 50.391 |

*Извор: Државен завод за статистика*



**Контрола на летање.**



**Размена на девизи.**
*Извор: mybanktracker.com*

## ФИНАНСИСКИ ДЕЈНОСТИ

На врвот на најплатени, секако се најде и секторот финансиски дејности и дејности на осигурување со мајска просечна нето-плата од **45.267** денари.

Во рамките на овој сектор најголеми нето-примања имаат оние што работат во финансиско-услужните дејности, чија просечна нето плата за април изнесува **46.537** денари, која ги исклучува осигурувањето и пензиските. Во секторот осигурување и реосигурување, со исклучок на задолжителното социјално осигурување, платата за мај изнесувала **43.819** денари.

И овој сектор остана имун во времето на пандемијата и во периодот по неа. Ако се погледнат статистичките податоци, банките од година во година книжат рекордни профити. Според податоците на НБРМ во изминатата 2021 година, сите банки во земјава оствариле вкупна добивка од **148,8** милиони евра.

| Сектор | V 2022 (денари ) | I-V 2022 (денари ) | III-V 2022 (денари ) |
|---|---|---|---|
| Финансиско -услужни дејности, освен осигурување и пензиски фондови | 46.537 | 48.470 | 49.730 |
| Осигурување, реосигурување, освен задолжително социјално осигурување | 43 819 | 42 696 | 43 655 |

*Извор: Државен завод за статистика*

## СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Во секторот снабдување со електрична енергија, просечната нето-плата во мај годинава изнесувала **44.536** денари и е зголемена во однос на априлската, која изнесуваше **42.532** денари.

| Сектор | V 2022 (денари ) | I-V 2022 (денари ) | III-V 2022 (денари ) |
|---|---|---|---|
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 44.536 | 42.643 | 43.260 |

*Извор: Државен завод за статистика*

# СТРУЧНИ НАУЧНИ И ТЕХНИЧКИ ДЕЈНОСТИ

Во овој сектор, просечната исплатена мајска нето-плата изнесувала **37.865** денари, но ако се анализираат потсекторите, платите биле повисоки во секторот управувачки дејности и советување во врска со управувањето, каде што просечната нето-плата во мај изнесувала **47.309** денари.

Просечната плата во маркетинг изнесувала **43.315** денари, а во секторот останати стручни, научни и технички дејности – **49.264** денари.



**Работа во маркетинг сектор**
*Извор: pyxl.com*

| Сектор | V 2022 (денари ) | I-V 2022 (денари ) | III-V 2022 (денари ) |
|---|---|---|---|
| Управувачки дејности, советување во врска со управувањето | 47.309 | 45.274 | 46.162 |
| Маркетинг (реклама и пропаганда) и истражување на пазарот | 43.315 | 42.553 | 43.749 |
| Останати стручни, научни и технички дејности | 49.264 | 53.032 | 50.507 |

*Извор: Државен завод за статистика*

# РУДАРСТВО

Традиционално и овој сектор поради тежината на дејноста има високи плати. Согласно најновите податоци на Државниот завод за статистика, во месец мај просечната нето-плата во секторот рударство и вадење камен изнесувала **42.886** денари. Во рамките на овој сектор најголема нето-плата земаат оние што се занимаваат со вадење други руди и камен (**44.378** денари).

| Сектор | V 2022 (денари ) | I-V 2022 (денари ) | III-V 2022 (денари ) |
|---|---|---|---|
| Рударство и вадење камен | 42.886 | 41.432 | 42.565 |
| **Потсектор** Вадење други руди и камен | 44.378 | 42.789 | 43.765 |

*Извор: Државен завод за статистика*

Инаку, според Државниот завод за статистика, просечната исплатена нето-плата во мај 2022 година изнесувала **31.407** денари. Оваа сума бележи зголемување за **2.686** денари ако се спореди со истиот месец лани. Но, ако просечната плата од мај се спореди со таа од април, ќе видиме дека има намалување со оглед на тоа дека исплатената просечна априлска нето-плата изнесувала **31.525** денари.

# ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД

## ИВИЦА БОЦЕВСКИ

**Поранешнен вицепремиер и амбасадор**





# БОЦЕВСКИ: МАКЕДОНИЈА ПЕТ ГОДИНИ СЕ НАОЃА ВО ПОЛИТИЧКИ „ЛЕТ ВО МЕСТО“



**„Македонија веќе пет години се наоѓа во политички ‚лет во место‘, власта нема легитимитет, не умее да владее и ја носи државата во бездна, па затоа избори мора да има за да излезе сета оваа негативна енергија од политиката и за да може да се дојде до влада со полн демократски капацитет“, вели во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент поранешниот вицепремиер и амбасадор Ивица Боцевски.**

**Господине Боцевски, Македонија долги години е во чекалницата на ЕУ. Како поранешен вицепремиер за европски прашања, со сите случувања поврзани со пристапните преговори за Македонија, каква европска перспектива предвидувате?**

Треба да сме начисто дека постојат две крупни прашања со македонската европска интеграција. Првото е огромно стратегиско прашање и воопшто не зависи од Македонија, а второто прашање се однесува специфично само за Македонија.

Стратегиското прашање на кое што сè уште нема јасен одговор е што се случува со европската интеграција по 1 јули 2013 година? Дали е Хрватска последната земја што влезе во Европската Унија или, пак, процесот продолжува? Дали е европската интеграција



Со Мишел Темер, поранешен претседател на Бразил.

на Западниот Балкан во привремен или траен ќорсокак? Што значи предлогот на францускиот претседател Емануел Макрон за европската политичка заедница, односно предлогот на Шарл Мишел за европска геополитичка заедница?

Одговорот на ова прашање воопшто не е едноставен. По британскиот референдум за излез од ЕУ, популарно наречен Брегзит, се чинеше дека Унијата ја научи лекцијата, па реторички тргна кон збивање на редовите, постоеше стремеж кон федерализирање на клучните европски институции (како Фронтекс, на пример), па дури и за влез во далеку поцврста европска безбедносна, воена, политичка и разузнавачка соработка. Меѓутоа, малку од тоа се материјализираше во практиката. Во меѓувреме, проширувањето веќе се устоличи како најголем виновник за сите актуелни европски проблеми, а посебно „преуранетото" членство на Романија и на Бугарија (ако бидеме реални, и покрај сите сериозни внатрешни проблеми, и Романија и Бугарија не го заслужуваат овој понижувачки третман од еден бучен дел на европското јавно мислење).

Најдобар пример дека ЕУ нема идеја што да прави со Западниот Балкан е евро-интегративниот процес на Црна Гора и на Србија. По безмалку цела деценија преговарање, веќе се истопи целиот ентузијазам и во двете земји дека процесот на нивното зачленување во Унијата има јасна конечност, односно датум на нивни влез во ЕУ. Тие се наоѓаат во некој чуден меѓупростор на започнати, но заборавени преговори.

Во меѓувреме, руската инвазија доведе до солидаризација на сите земји од ЕУ и на кандидатите со Украина, па ентузијазмот заврши со потребата итно да се стори некој чекор за помош на Украина, односно политички исчекор што ќе ја смести земјата во европската орбита. Одговорот беше изнајден во форма на кандидатски статус за Украина, Молдавија и, веројатно, наскоро и за Грузија. Јасно е дека целиот процес е исклучиво

политички и дека Украина и Молдавија не поминаа низ филтерот наречен „прашалник“ онака како што тоа се случуваше во земјите од Западниот Балкан, но тие се здобија со кандидатскиот статус. За мене е сосема неразбирливо и надвор од памет како е можно Босна и Херцеговина да нема статус на кандидат, а Украина и Молдавија да се веќе кандидати. Со сите свои недостатоци, Босна и Херцеговина е светлосни години пред Украина и Молдавија во нејзината европска интеграција, а не треба ни да се зборува колку се граѓаните, општеството и културата на БиХ веќе интегрирани во европските текови. Но, вчудовидувачки, сега Сараево е подалеку од Киев во европската интеграција. Апсурд! Да не зборувам, пак, за визното гето во кое се наоѓа Косово, повторно целосно неразбирливо.

Ете, ова е тоа клучно стратегиско прашање... Јас не разбирам зошто токму сега и токму вака се иташе да се прифати еден недостоинствен и несозреан предлог, неправедно наречен „француски предлог“, а во суштина предлог на премиерите Ковачевски и Петков. Штом нема јасно придвижување на Западниот Балкан кон ЕУ, нема потреба од самоубиствени потези.

Токму тука доаѓаме до второто прашање. Срамното гласање на 19 јули само создаде едно големо орудие за уцена на Македонија и ја претвори нашата држава во некаква постмодерна бугарска колонија. За мене реакцијата на јавност е сосема оправдана и сосема очекувана, а никако не можам да го разберам самоубиствениот потег на власта со прифаќањето на преговарачката рамка.

Совршено е јасно дека Македонија не ги започна преговорите, дека сите бугарски барања станаа и европски барања, дека нема никакви гаранции дека отсега  натаму, евро-интегративниот процес ќе тече исклучиво преку објективни мерила, односно приспособување на македонското законодавство и на институциите кон правилата на заедничкиот европски пазар. Напротив, ние влеговме во нова голгота и во ново национално предавство.

Сега ќе биде ѓаволски тешко да се симнат овие тешки вериги од вратот на Македонија и да се доведе ЕУ повторно на преговарачката маса, но за нас нема никаков друг избор. Под овие услови не смее да продолжи патот на Македонија кон ЕУ. Впрочем, за македонскиот народ целосната европска интеграција треба да значи крај на сите предизвици, а не да биде орудие за разградување на македонската држава, за разнебитување на македонскиот идентитет и за наметната бугаризација.

### Како ја оценувате актуелната политичка состојба во Македонија?

Македонија веќе цели пет години се наоѓа во политички „лет во место“. Никако да заврши тој фамозен 27 април 2017 година, кога си ја изгубивме сопствената држава. Зоран Заев ја внесе Македонија во овој пеколен круг иако никогаш не успеа демократски да се легитимира. Тој нема ниту една чиста изборна победа и никогаш немал јасен и недвосмислен политички легитимитет за да владее со Македонија, а никако и да влегува во налудничави авантури од кои долго време ќе се вадиме.

За да се обнови Македонија, прво треба да се обнови демократијата во Македонија. Живееме во земја каде што мнозинското население се наоѓа во форма на институционализиран апартхејд и каде што не успева да се изрази народната волја низ институциите. Живееме во земја каде што на власт се фигури од куклен театар, со кои раководи Заев од Струмица, но и тој е марионета, испреплетен од разноразни конци, со должнички односи на сите страни и на сите меридијани.

Единствено знам дека сето ова еден ден ќе заврши и дека ќе има одговорност – и историска и морална, но и кривична одговорност за сите злосторства против македонскиот народ и неговите интереси, за газењето на демократската волја на македонските граѓани, за доведувањето на Македонија во зависна положба од туѓинци и

за обидот за целосно разградување на државата и разнебитување на народот.

**Незадоволството кај народот расте и од политичката ситуација во земјата, но пред сè од економската криза. Се организираат масовни протести со апел за предвремени парламентарни избори. Верувате ли дека изборите се единствено решение за излез од кризата?**

Не е можна промена во Македонија без демократски избори. Секоја агонија на некакви преодни влади, широки коалиции за национален спас и слично е само продолжување на агонијата. Власта нема легитимитет, не умее да владее и ја носи државата во бездна. Избори мора да има за да излезе сета оваа негативна енергија од политиката и за да може да се дојде до влада со полн демократски капацитет. По 19 јули, Македонија веќе нема ни „д“ од демократска влада, а ни „л“ од легитимна управа. Време е да се стави точка и да започне враќањето на достоинството на земјата.

**Во однос на отворените прашања со Бугарија, тамошната реторика е јасна и се темели на „три барања“ или услови за кои не се зборува многу јасно. Постои ли можност за решение без притоа Македонија, како во случајот со Преспанскиот договор, да е оштетена во однос на идентитетските и историските прашања?**

Македонија веќе е оштетена. Насред Битола дојде премиер и потпретседател на соседна држава за да отвора клуб со име на докажан колаборационист. Да ми кажел некој мене во 1989 година дека во Македонија во 2022 година двајцата најмрачни ликови на нејзината современа историја ќе имаат споменик во Симница, Џемо Хаса, и клуб во Битола, Ванчо Михајлов, јас немаше да верувам. Во ерата кога зборуваме за европска интеграција, за пресметка со црните петна на историјата на секој народ, на секоја посебна група граѓани, ние дојдовме до повампирување на фашизмот. Дојдовме до ситуација да се зборува дека во Македонија за време на Втората светска војна немало народно-ослободителна војна, туку дека имало граѓанска војна помеѓу Бугарите–монархисти и Бугарите–комунисти. Не само тоа, туку и дека самиот македонски идентитет бил измислица од Тито и од Коминтерната, дека ние сме изворни Бугари, но со испрани мозоци, па дека преку демократизацијата и европеизацијата ќе сме се врателе кон своите бугарски корени и дека ќе сме ја отфрлеле „идеологијата на македонизмот“.

Ова не се претерувања, туку е службена бугарска политика, сега преточена и во преговарачката рамка на ЕУ, преку протоколите кон Договорот за добрососедство. Сега тие ќе се обидат и да ни направат внатрешен проблем со актуализација на непостоечкото прашање на „македонските Бугари“ и нивните права.

**Едно од барањата на бугарската страна е Бугарите да влезат во македонскиот Устав. Но, за ова барање нема реципроцитет бидејќи тамошните власти апсолутно го негираат постоењето на македонско малцинство во земјата. Оттука, оправдано ли е ваквото нивно барање, за кое се зборува најгласно?**

Бугарија не води малцинска политика со ова барање. Тие сметаат дека Македонците се неосвестени Бугари и дека нивна задача е да нè освестат преку европеизацијата и демократизацијата. Знам дека звучи лудо, но тоа е целта, односно „бугаризација преку европеизација“, доброволна асимилација на македонскиот народ.

Инаку, сите тие тврдења дека бугарскиот устав бил граѓански, па немало место за реципроцитет се само изговори. Бугарија нема намера да признае постоење на етнички малцинство на својата територија, а посебно болна точка се Македонците. Затоа не се регистрира ОМО „Илинден – Пирин“, затоа се



Примопредавање на акредитивите во Бразил од страна на Државниот секретар на бразилскоо МНР, Сержио Данезе.



оневозможуваат електронски и дигитални медиуми на македонски јазик, затоа никој нема намера да ги обнови училиштата, театрите и другите институции на македонски јазик во пиринскиот дел на Македонија.

За Бугарија не постојат Македонци како посебен етнички, културен или државотворен идентитет. Постојат само македонци со мала „м" буква како регионален идентитет во рамките на големата бугарска нација.

**Во време на економска криза, раст на цените и на двоцифрена инфлација, економијата стагнира, а инвеститори има сè помалку. Дали и како македонската дипломатија може да помогне во привлекување странски инвеститори?**

Јас во неколку наврати сум бил дел од македонската дипломатија, како во редовниот професионален состав, така и во делот на политички именуваните лица за водење на надворешната политика. Македонските дипломати успешно ја водеа битката за Македонија, па над 140 земји во светот нè признаваа под уставното име. Македонските дипломати и денеска будно бдеат над безбедноста и над благосостојбата на сите македонски државјани низ светот и ја бранат вредноста на македонскиот пасош. Македонските дипломати се врвот на државната служба и најпрестижна професија во државната администрација.

Јас не се сомневам во капацитетите на македонските дипломати иако уште многу треба да се вложува за да се заокружи целта за глобализирана македонска дипломатија, присутна на сите меридијани и вклучени во сите глобални текови. Прво, Македонија мора да ја распространи својата дипломатска мрежа во сите главни градови на земјите од Г-20 од БРИКС и да отвори свои генерални конзулати во сите алфа глобални центри. Потоа, влезот во македонската дипломатска служба, внатрешното образование и печење занает, напредувањето во хиерархијата мора конечно да се ослободат од валканите шепи на македонската партизација, непотизам и други коруптивни практики. На крајот, потребни се и

јасни национални цели во надворешна политика.

Така што, секако дека македонската дипломатија мора да се стави во погон и околу привлекувањето странски директни инвестиции, промоција на извозот и други економски проекти. Но, прво да се позанимаваме со класичните задачи на дипломатијата, да ги дефинираме националните цели во надворешната политика, па дури потоа да ги засукаме ракавите и околу овие прашања. Инаку, успехот на претходната влада во делот на странските директни инвестиции се темелеше и на целосната синергија и уиграност на сите институции во промоцијата на земјата како место за инвестирање, остварувањето контакти со потенцијалните инвеститори и целосната грижа за нивното привлекување сѐ до отворањето на нивните погони во Македонија. Разорувањето од страна на владата на Зоран Заев на овој разработен систем е злосторството против економскиот развој и благосостојбата на македонскиот народ.

**Пандемијата со вирусот Ковид-19 Ве „фати“ на амбасадорската функција во Бразил. Вие бевте еден од ретките примери на дипломат што успеа во такво турбулентно време да им помогне на голем број македонски државјани заглавени во Јужна Америка да се вратат дома, во услови кога голем дел од аеродромите беа затворени и сообраќајот беше отежнат. Како успеавте да го организирате тој долг пат за нашите сограѓани во едни такви комплицирани услови?**

Кога изби пандемијата и кога започна целиот свет да се затвора, врвна задача на целата македонска дипломатска служба беше евакуацијата на македонските државјани. Јас сум многу задоволен затоа што македонската дипломатија тогаш функционираше неуморно, со целосно хоризонтална и вертикална координација и со врвно разбирање од сите колеги–дипломати за тежината на моментот, но и за нашата одговорност како државни службеници кон граѓаните.

Се разбира, во мојот случај највеќе помогна тоа што македонската амбасада во Бразилија, веднаш по активирањето на механизмот на ЕУ за цивилна заштита, влезе во сите ЕУ–координации, дипломатски и конзуларни, во сите главни градови на Латинска Америка, а потоа и на Карибите. Претходно, веќе беа изготвени списоците со сите потребни детали од затекнатите граѓани, преведени на шпански, португалски и француски, па не беше тешко да се пронајдат места на македонските граѓани на летовите за евакуација. Врските, пак, со компаниите што организираат крстосувања, а чии бродови беа заглавени во Рио де ла Плата подоцна македонската дипломатија ги искористи на глобално ниво. Според мене, македонската амбасада во Бразилија, исто така, имаше успех затоа што беа формирани групи на социјалната мрежа „WhatsApp“ каде што заглавените граѓани комуницираа директно со амбасадата и со амбасадорот, беа споделувани сите информации и се следеше евакуацијата од местото каде што беа заглавени, па сѐ до влезот во Македонија. Се разбира, на дело ја видовме и балканската солидарност, па колегите од Србија, Црна Гора, Хрватска, Албанија, Бугарија и Турција, исто така, помагаа и се координираа за сите свои граѓани.

За мене од непроценлива вредност беше нашиот влез во координацијата на земјите–членки на ЕУ, употребата на сите нивни механизми за заемна соработка и осознавањето на технологијата на дипломатската комуникација внатре во Унијата. Сметам дека овој моментум не смее да испари и дека мора некако да ги вградиме овие искуства во идната работа на македонската дипломатија, но и да ги формулираме нашите барања кон европската служба за надворешно дејствување (дипломатијата на ЕУ) за наше постојано место во овие координации, а не само при вонредни околности.

ЗПГМ ЗПГМ

# ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРОФЕСОРИ ПО ГЕОГРАФИЈА НА МАКЕДОНИЈА „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – СКОПЈЕ




Извор: https://www.wallpaperpass.com/download-map-wallpaper-114/








# НАЈЕВТИН АЛКОХОЛ ИМА ВО МАКЕДОНИЈА, ШВАЈЦАРИЈА Е НАЈСКАПА ЗЕМЈА ЗА ХРАНА

## КАКВИ СЕ ЦЕНИТЕ НА ХРАНАТА ВО МАКЕДОНИЈА И ВО СВЕТОТ

„Историски највисоки цени во последните десет години“, „Поскапувањата на храната немаат крај“, „Граѓаните не можат да врзат крај со крај со новите цени на прехранбените производи“. Овие наслови во последните неколку месеци се едни од главните вести во медиумите кога станува збор за цените на храната. Низ маркетите во земјата, цените се менуваа од час во час, од ден на ден. Граѓаните се во шок од новите екстремно повисоки цени, а најмногу ќе страдаат домаќинствата со помали примања.

# КОМПАРАЦИЈА



Оваа застрашувачка ценовна спирала е последица од неколку фактори. Пандемијата со Ковид-19 предизвика несогласувања меѓу понудата и побарувачката низ светот. По пандемијата, додека глобалните синџири на достава сè уште беа во фаза на консолидација, Русија ја нападна Украина, петтиот најголем светски извозник на жито. Ова пак предизвика редица празни полици во продавниците и недостиг од брашно и масло, не само кај нас, туку и во европските земји. Во меѓувреме, прекините во снабдувањето на гас и на енергенси го погодија енергетскиот сектор, а тоа пак предизвика зголемување на трошоците на сè она за што е потребно гориво – од транспорт до производство.

Ниту една земја како последица од овие фактори не остана имуна во однос на зголемување на цените на храната. Иако кога ги анализиравме и споредувавме претходно нашите цени со тие во западноевропските земји, многу често констатацијата на македонските граѓани беше дека храната во западноевропските земји е поевтина или со исти цени како во Македонија. Прехранбените намирници во големите маркети за малопродажба во земјите од Европската Унија, како на пример во Франција, Германија, беа навистина интересни за споредба со цените во домашните маркети. И покрај тоа што жителите на Европската Унија имаат значително повисоки месечни примања и далеку подобар животен стандард, голем дел од прехранбените продукти таму се поевтини отколку кај нас.

За тоа каква е разликата меѓу цените на храната во Македонија и во останатите европски земји можеме да направиме споредба преку податоците на Европската статистичка агенција – ЕВРОСТАТ. Истражувањата што ги прави оваа институција на одреден временски период е споредба на нивото на цените за храна, пијалаци и тутун во неколку подгрупи.

Оваа институција во своите извештаи ги анализира цените на храната, пијалаците и тутунот во 36 европски земји.

Земјите вклучени во анализата се 27 земји-членки на Европската Унија (ЕУ), 3 земји од ЕФТА (Исланд, Норвешка и Швајцарија), 5 земји-кандидати (Албанија, Црна Гора, Македонија, Србија и Турција) и една земја потенцијален кандидат (Босна и Херцеговина).

Цените на храната, пијалаците и на тутунот значително се разликуваат низ земјите-членки на ЕУ. На пример, повисоки од европскиот просек се цените во Луксембург, Данска и Финкса, а највисоки цени на тутунот се во Ирска.

**„Во 2021 година, цените на храната и безалкохолните пијалаци во Луксембург беа 25% над просекот на ЕУ, додека во Романија беа 31% под просекот на ЕУ. Безалкохолните пијалаци беа поскапи во Данска со 39% над просекот на ЕУ, а поевтини во Романија со 22%. Алкохолот во Финска беше по цена од 119% над просекот на ЕУ, додека цените во Унгарија беа пониски за 17%. За тутунот, највисоки цени се забележани во Ирска (145% над просекот на ЕУ), додека најниски се забележани во Бугарија (50% помиски)“,** се вели во последниот Извештај на Еуростат објавен во јуни годинава.

Швајцарија е најскапа земја за храна, Норвешка за безалкохолни пијалаци, Исланд за алкохолни пијалаци и Ирска за тутун во групата од 36 земји-учеснички. Меѓу земјите-членки на ЕУ, Луксембург е најскапа земја за храна, Данска за безалкохолни пијалаци, Финска за алкохолни за пијалаци и Ирска за тутун. Најевтините земји од сите 36 се Турција за храна, безалкохолни пијалаци и тутун, а Македонија за алкохолни пијалаци. Меѓу земјите-членки на ЕУ, најниски цени за храна и безалкохолни пијалаци се забележани во Романија. Алкохолните пијалаци се најмалку скапи во Унгарија, а тутунот е најмалку скап во Бугарија.

Варијацијата на цените е најизразена во рамките на групата од 36 земји, вклучувајќи ги и земјите од ЕФТА и земјите од Западен Балкан со главно ниски цени. Дисперзијата на цените е многу помалку изразена во еврозоната отколку во ЕУ како целина. Најниска ценовна дисперзија е забележана за безалкохолните пијалаци, а највисока за тутунот, главно поради големите разлики во акцизата на вториот во 36-те земји.



Потрошувачка кошничка: леб и месо.
*Извор: vanguardngr.com*



**Потрошувачка кошничка: безалкохолни пијалоци.**
*Извор: doorsteps.com*

## ЦЕНИТЕ НА ЛЕБОТ И ЖИТАРКИТЕ, МЕСОТО, РИБАТА И НА МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ

Резултатите од истражувањето исто така даваат увид во различните подгрупи производи за сите земји учеснички. Во оваа подгрупа се претставени цените на леб и житарки, месо, риба и на млечни производи.

Меѓу сите 36 земји, Швајцарија покажува највисоко ниво на цени на лебот и житариците, на месото и на рибата. Исланд е најскапата земја за млечни производи (млеко, сирење и јајца). Во рамките на ЕУ, Данска е најскапа земја за леб и житарки и за риба, Луксембург за месо, додека Кипар е најскапа за млечни производи (млеко, сирење и јајца).

Меѓу сите 36 земји, Турција е најевтина земја за леб и житарки, за месо и за риба. Најниско ниво на цени за млечните производи (млеко, сирење и јајца) се забележани во Полска. Меѓу земјите-членки на ЕУ, најниски нивоа на цени на лебот и на житариците се забележани во Романија. Рибата има најниско ниво на цени во Бугарија, додека Полска е најмалку скапа земја за месо и за млечни производи.

Нивото на дисперзија на цените е прилично слично помеѓу овие четири подгрупи. Месото покажува највисока дисперзија на цените во сите групи земји. Во рамките на ЕУ, најниска ценовна дисперзија има кај млечните производи (млеко, сирење и јајца).



**Потрошувачка кошничка: риба и млечни производи.**
*Извор: newfoodmagazine.com*

# ЦЕНИТЕ ЗА МАСЛА И МАСТИ, ОВОШЈЕ, ЗЕЛЕНЧУК, КОМПИРИ И ДРУГИ ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ

Меѓу сите 36 земји, највисоки цени на маслото и на мастите се забележани во Швајцарија. Норвешка има највисоко ниво на цени за овошјето, зеленчукот и компирот и за другите прехранбени производи. Македонија има најниско ниво на цени на маслото и на мастите, Турција е најевтина земја за овошје, зеленчук и компир и за други прехранбени производи. Меѓу земјите-членки на ЕУ, Малта е најскапа земја за масла и масти, Луксембург за овошје, зеленчук и компири и Данска за друга храна. Италија е најмалку скапа земја за масла и масти, Романија за овошје, зеленчук и компири, а Полска за друга храна.

Во рамките на овие 3 подгрупи, највисока дисперзија на цените може да се забележи кај овошјето, зеленчукот и кај компирот.

**Во истражувањата на Еуростат се посочува дека најниско ниво на цени меѓу сите земји е забележано во Турција, додека Бугарија е најевтината земја-членка на ЕУ.**

Во продолжение на текстот, ќе изнесеме интересни податоци за цената на храната во неколку земји што ги одбравме од најголемата база за цените на храната во светот – Нумбео. Оваа база овозможува да гледате, да споделувате и да споредувате информации за цените на храната низ светот. Оттука може да направиме споредба на цените на храната во Македонија со други земји од светот.



**Цени во Македонија**

| | |
|---|---|
| Млеко (1 литар) | 50,00 денари |
| Векна свеж бел леб (500 гр.) | 30,74 денари |
| Бел ориз (1 кг) | 67,05 денари |
| Јајца (12) | 102,19 денари |
| Сирење (1 кг) | 318,43 денари |
| Пилешки филети (1 кг) | 278,85 денари |
| Говедско (1 кг) | 465,13 денари |
| Јаболка (1 кг) | 44,13 денари |
| Банани (1 кг) | 61,43 денари |
| Портокали (1 кг) | 56,00 денари |
| Домати (1 кг) | 69,00 денари |
| Компир (1 кг) | 34,40 денари |
| Кромид | 32,54 денари |
| Марула | 26,13 денари |

*Извор: Нумбео*

Овие цени ќе ги спoредиме, на пример, со соседна Албанија, земја што не е член на ЕУ и која заедно со Македонија треба да ги почне преговорите. Дополнителен интерес за цените во оваа земја би имале македонските граѓани што ја бираат Албанија како дестинација за одмор.

**Цени во Албанија**

| | |
|---|---|
| Млеко (1 литар) | 69.27 денари |
| Векна свеж бел леб (500 гр.) | 37.82 денари |
| Бел ориз (1 кг) | 72.41 денари |
| Јајца (12) | 121.32 денари |
| Сирење (1 кг) | 335,31 денари |
| Пилешки филети (1 кг) | 277,63 денари |
| Говедско (1 кг) | 470,08 денари |
| Јаболка (1 кг) | 55,02 денари |
| Банани (1 кг) | 94,92 денари |
| Портокали (1 кг) | 65,52 денари |
| Домати (1 кг) | 63,84 денари |
| Компир (1 кг) | 41,60 денари |
| Кромид | 38,63 денари |
| Марула | 42,07 денари |

*Извор: Нумбео*

Во следната табела ќе ја спoредиме Хрватска, членка на ЕУ. Од оваа табела може да заклучиме дека цените не се многу повисоки од Македонија, а Хрватска секако има и повисок животен стандард.

**Цени во Хрватска**

| | |
|---|---|
| Млеко (1 литар) | 57,27 денари |
| Векна свеж бел леб (500 гр.) | 59,47 денари |
| Бел ориз (1 кг) | 110,87 денари |
| Јајца (12) | 137,39 денари |
| Сирење (1 кг) | 493,09 денари |
| Пилешки филети (1 кг) | 464,94 денари |
| Говедско (1 кг) | 576,62 денари |
| Јаболка (1 кг) | 76,57 денари |
| Банани (1 кг) | 83,45 денари |
| Портокали (1 кг) | 84,87 денари |
| Домати (1 кг) | 108,17 денари |
| Компир (1 кг) | 45,17 денари |
| Кромид | 46,41 денари |
| Марула | 53,21 денари |

*Извор: Нумбео*

За оние кои имале можност да ги посетат Соединетите Американски Држави, не често се враќаат со богат шопинг во однос на гардероба, брендирани парчиња, козметика, за кои велат дека е поевтино од кај нас. Но какви се цените на храната може да погледнете од табелата подолу.

**Цени во Соединети Американски Држави**

| | |
|---|---|
| Млеко (1 литар) | 55,51 денари |
| Векна свеж бел леб (500 гр.) | 176,69 денари |
| Бел ориз (1 кг) | 245,59 денари |
| Јајца (12) | 186,25 денари |
| Сирење (1 кг) | 692,35 денари |
| Пилешки филети (1 кг) | 646,32 денари |
| Говедско (1 кг) | 828,86 денари |
| Јаболка (1 кг) | 286,80 денари |
| Банани (1 кг) | 96,69 денари |
| Портокали (1 кг) | 248,86 денари |
| Домати (1 кг) | 266,88 денари |
| Компир (1 кг) | 160,89 денари |
| Кромид | 161,62 денари |
| Марула | 105,34 денари |

*Извор: Нумбео*

Дали сте се заинтересирале некогаш какви се цените на храната во Русија, посебно во време кога оваа земја пред неколку месеци изврши воена агресија врз Украина. Според податоците на Нумбео, сите производи што се земени како урнек се повисоки од цените во Македонија.

**Цени во Русија**

| | |
|---|---|
| Млеко (1 литар) | 85,30 денари |
| Векна свеж бел леб (500 гр.) | 51,86 денари |
| Бел ориз (1 кг) | 119,43 денари |
| Јајца (12) | 122,56 денари |
| Сирење (1 кг) | 787,07 денари |
| Пилешки филети (1 кг) | 365,30 денари |
| Говедско (1 кг) | 671,23 денари |
| Јаболка (1 кг) | 132,12 денари |
| Банани (1 кг) | 107,38 денари |
| Портокали (1 кг) | 127,14 денари |
| Домати (1 кг) | 218,89 денари |
| Компир (1 кг) | 70,10 денари |
| Кромид | 56,07 денари |
| Марула | 92,72 денари |

*Извор: Нумбео*

Во следната табела ќе направиме споредба на цените во Австралија, на пример, со оглед на тоа што во минатото, а и денес, многу наши граѓани емигрираат токму во оваа земја.

**Цени во Австралија**

| | |
|---|---|
| Млеко (1 литар) | 76,02 денари |
| Векна свеж бел леб (500 гр.) | 126,76 денари |
| Бел ориз (1 кг) | 116,04 денари |
| Јајца (12) | 210,96 денари |
| Сирење (1 кг) | 470,61 денари |
| Пилешки филети (1 кг) | 473,27 денари |
| Говедско (1 кг) | 817,73 денари |
| Јаболка (1 кг) | 185,31 денари |
| Банани (1 кг) | 151,49 денари |
| Портокали (1 кг) | 163,72 денари |
| Домати (1 кг) | 274,61 денари |
| Компир (1 кг) | 137,37 денари |
| Кромид | 113,47 денари |
| Марула | 135,49 денари |

*Извор: Нумбео*

Во оваа анализа, за споредба, ќе ги објавиме и цените во Катар, земја со висок стандард на живеење и една од најбогатите земји во светот.

**Цени во Катар**

| | |
|---|---|
| Млеко (1 литар) | 118,25 денари |
| Векна свеж бел леб (500 гр.) | 98,82 денари |
| Бел ориз (1 кг) | 108,46 денари |
| Јајца (12) | 176,47 денари |
| Сирење (1 кг) | 683,49 денари |
| Пилешки филети (1 кг) | 433,30 денари |
| Говедско (1 кг) | 677,17 денари |
| Јаболка (1 кг) | 113,53 денари |
| Банани (1 кг) | 108,61 денари |
| Портокали (1 кг) | 102,53 денари |
| Домати (1 кг) | 89,82 денари |
| Компир (1 кг) | 65,11 денари |
| Кромид | 56,27 денари |
| Марула | 102,12 денари |

*Извор: Нумбео*



**Потрошувачка кошничка: масло за јадење и овошје.**
*Извор: krishijagran.com*

Инаку, цените на храната во месец март го достигнаа највисокото ниво на сите времиња, а се забележа благ пад во мај, напиша во својот извештај Организацијата за храна и земјоделство на ОН.

**Во март цените на храната во светот го достигнаа највисокото ниво на сите времиња бидејќи руската инвазија врз Украина предизвика потреси на пазарите на основни житарки и растителни масла, а благо паднаа во мај, втор месец по ред, иако цените на пченицата и живината пораснаа,** соопшти Организацијата за храна и земјоделство на ОН (ФАО).

## ФАО УШТЕ ВО 2013 ГОДИНА ДАДЕ ЦРНИ ПРОГНОЗИ ЗА ЦЕНИТЕ

Токму оваа организација во 2013 година прогнозираше дека во светски рамки ќе има фрапантен раст на цените на храната за 40%, што и се случи.

Според Државниот завод за статистика, пак, храната во Македонија поскапела за 21% за една година, а најмногу поскапеле лебот и житата за дури 31%.

## ЌЕ ИМА ЛИ ПОЕВТИНУВАЊЕ?

Последните сигнали од коморите и компаниите се дека е можно намалување на цените на житарките по позитивните сигнали за постигнување договор меѓу Украина и Русија за извоз на житото. Ако се реализира овој договор, може да доведе до намалување на цените на овие земјоделски производи. Ова го информираа од Сојузот на стопански комори, од каде што велат дека освен житарките, можно е поевтитинување на производите од жито, брашното, лебот, печивата.




Промоција на додипломци и последипломци на Универзитетот за туризам и менаџмент


UNWTO

# Superbrands




## UNIVERSITY OF TOURISM AND MANAGEMENT SKOPJE




AN INSIGHT INTO SOME OF THE STRONGEST BRANDS IN THE ADRIATIC